**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шестото продолжение на Сто триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 мај 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,01 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа.

Пратениците Стојан Андов, Мите Николов, Каролина Ристова, Кенан Хасипи, Гајур Саарач, Рафет Муминовиќ, Ангелка Пеева Лауенчиќ, Али Ахмети, Фазли Велиу, Агим Џелили, Семијал Хасани, Мендух Тачи, Џезаир Шаќири, Исмет Рамадани, Абдулади Вејсели, Марјан Ѓорчев, Љубчо Георгиевски, Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Ганка Самоилова Цветановска и Сашко Кедев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Точка 22 - Предлог на закон за енергетика.**

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Подигнати се картички 24.

Објавувам пауза до 11,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,31 часот)

Ги молам пратениците да седнат на своите места, а службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Претресот по Предлогот на законот е заклучен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни пратеници, 51 гласале, 48 за, 6 воздржани, е против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за енергетика.

**Минуваме на точка 23 - Предлог на закон за поттикнување на вработувањето**

Предлогот на законот Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете госпоѓо Којзеклиска имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, имаме Предлог за донесување по итна постапка закон за поттикнување на вработувањето, со Предлог на закон.

Искрено да Ви кажам овие закони, поттикнување на вработувањето, или така наречени Бранкови закони, на Владата многу и се усладија па од време на време пушта по еден ваков закон за поттикнување на вработувањето. Значи, не може да ги заборават средствата и методите на премиерот, од минатиот век, па мораат да го предложат и во овој век ваков закон за поттикнување на вработување и тоа по итна постапка.

Самиот закон има се на се 15 члена. Некако во пракса ни помина последните неколку предлози од Влада толку кратки закони постојано да ни се јавуваат. И со овој закон Владата, почитувани пратеници, предлагам активни мерки,тоа го смета за активна мерка, за поттикнување на вработувањето, а се однесува на невработените лица кои се со најмалку 25 години пензиски стаж и 54 години старост, на кои работниот однос им престанал по основ на стечај, или по основ на технолошки вишок, кои оствариле право на надомест и кои се пријавуваат во Бирото за вработување над две години, како невработени лица. Тоа значи е дефиницијата во членот 3, што се смета за невработено лице и врз основа на тој член 3, Владата го предлага овој закон и со тоа ќе ги поттикнела работодавците да ги примаат овие невработени лица. Значи, се погледне законот во целост можеме да добиеме само една генерална слика дека Владата топката пред својот гол ја префрла на центарот, значи на работодавците, тие да ги пријавуваат или да ги вработуваат кај нив лицата кои, како што реков се технолошки вишок и се под стечај, со тоа што Владата во висина од 3000 денари ќе им го надомести придонесот за ПИОМ, на оние работодавци кои ќе примаат ново вработени лица, дефинирани во членот 3 од законот за поттикнување на вработувањето.

Многу клучно прашање се поставува, или две клучни прашања се поставуваат.

Ако веќе Владата го предлага овој закон по итна постапка да се реши, зошто тогаш уште преговараме со стечајците, зошто тогаш барате од директорите на бироата за вработување по соодветните градови, списоци, пречистени, вакви, такви, кога велите дека со ова ќе го решите прашањето на вработувањето на стечајците и на технолошкиот вишок. Ако е, како што велат од Здружението на стечајците, ако е за надомест до вработување, тогаш овој закон ви паѓа во вода, или она на што инсистираат и бараат стечајците, да им се исплаќа надомест до пензионирање, до стекнување на некои од условите за престанок, да го примаат овој надомест, тогаш овој закон ви паѓа во вода затоа што во исто време сакате да ги вработите, да им ги наметнете на работодавците, со тоа што ќе компензирате 3000 денари за платен придонес за ПИОМ. Значи тоа е едната нелогичност која се јавува. Од една страна барате, или сеуште преговарате со нив и слободно можам да кажам ги лажете стечајниците работници и технолошки вишок, од друга страна го поднесувате овој Предлог за поттикнување на вработувањето и од работодавците да барате тие лица да ги вработат кај нив.

Второто прашање е, ако се прави некој филм, ако пак тоа е некоја игра, тогаш подебелиот крај секако ќе го извлечат работодавците, а целиот закон и текстот на законот укажува дека ова е само игра и нема реална основа или шанси да се спроведе овој закон во целост, од причини што текстот или одредбите кои се дадени во законот не даваат гаранција дека работодавачите ќе ги примаат тие нововработени лица за 3000 денари платен придонес за ПИОМ, кое пак на работодавците ќе им се исплаќа во рок од 60 дена, доколку тој исплатил придонеси и уплатил плата. Значи во законот никаде не постои гаранција дека работодавачите ќе ги примаат, или ќе имаат желба, ќе бидат расположени да примаат такви нововработени лица.

Јас и кога го образлагав предлогот на ВМРО Народна партија за дополнување на Законот за ПИОМ и тогаш велев дека овие лица, како што сте дефинирале и во членот 3, над 25 години работен стаж, значи работеле 25 години и се над 54 години старост. Ви гарантирам кога некој ќе ги види нема да рече дека ти мене ми требаш, напротив ќе им речат луѓе вие сте стари, вие сте непродуктивни, не може да остравите профит таков каков што барам. Условите на работа кои се диктираат во одредени организации и кај одредени работодавци, не содејствуваат со годините и со способноста на тие луѓе, да можат да остварат она што основна цел на секој работодавач, а тоа е профит. Сега јас тука не ја гледам логиката дека со ваквиот начин на работа, или предлог од Владата, ќе се постигне крајната цел и дека ова претставува активна мерка на Владата за да се поттикне вработувањето на тие нововработени лица.

Јас верувам дека министерот многу работел за ова време додека е министер и најверојатно некогаш дигнал глава од неговото работење па да види дека тие стечајци не штрајкуваат, или не преговараат со Владата два месеци.

И ова според Министерството за труд и социјална политика, најверојатно по предлог на премиерот, според нив е решение што ќе ги задоволи стечајните работници и технолошкиот вишок.

Една година, јас не можам да разберам, шахист да беше, до сега една година барем потегот го мисли, го смислува, со крајна цел да победи во играта. Но, ние една година, всушност Владата една година смислува, смислува, смислува и на крајот го смисли ова решение, ад хок со ограничена употреба. Значи, производот е употреблив од 1 јулии 2006 до 1 јули 2008 година.

Сега би сакала малку да се задржам на членовите што се предложени во Предлогот на законот.

Членот 1 вели дека се создаваат услови за поттикнување на повторно вработување преку надоместување на средствата на работодавачот. Во тоа апсолутно не верувам дека се создаваат услови, со плаќање на 3000 денари вие нема да обезбедите услови на работодавачот да вработи ново невработено лице. Сега, вие ги мотивирате работодавците да вработат невработено лице на неопределено време со надоместување на средствата за платен придонес за пензиско и инвалидско осигурување за период од 24 месеци од вработувањето, нели е со ограничен рок на употреба, по услови и начин утврдени со овој закон. Ако му го плаќате на работодавецот придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, каде е придонесот за здравствено осигурување? Кој ќе го плаќа тој придонес на тие луѓе? Оти, Владата вели - јас само ќе го платам придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, друго не ме интересира. Придонесот за здравство никаде го нема. Тие луѓе ќе останат без плави картони и ќе ги користат најверојатно, картоните или на своите сопруги или сопрузи, а работодавецот нема да има обврска да го плати и здравственото осигурување, затоа што во Законот децидно не е наведено за придонесот за здравствено осигурување, како што е децидно наведено за придонесот за пензиско и инвалидско осигурување. И тоа е Фонд за пензиско и инвалидско осигурување и ова е фонд за здравствено осигурување. А, парите ќе се обезбедуваат од Буџетот. Значи, останува дилемата кој ќе го плаќа придонесот за здравствено осигурување.

Во членот 3, каде што се дефинира кои се тие невработени лица, на кои се однесува овој закон за да се создадат услови за поттикнување на нивно повторно вработување, сега да прашам, кога ВМРО - Народна партија го предлагаше Законот за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, во делот на решавање на статусот на стечајците, тогаш имаше реакција од страна на СДС дека тие не знаеле што гласаат и не го знаеле бројот на тие луѓе кои ги опфаќа оваа категорија.

Така што, според информациите што најверојатно им ги дал министерот за труд и социјална политика, тој број бил околу 18 илјади.

Сега да прашам, како Министерството за труд и социјална политика откри за колку луѓе се однесува ова, колку луѓе се стечајни работници со над 25 години стаж, со над 54 години старост и технолошки вишок, кои ќе бидат на товар на Буџетот наредните години и од каде всушност ќе најдете, Владата, средства да може на тие луѓе тој износ од 3000 денари, освен од средствата така како што е наведено во членот 12, средства од Буџетот, што можеа да се најдат и кога Законот за дополнување на законот за пензиско и инвалидско осигурување беше на дневен ред, па Претседателот на државата, откако се исконсултира по 104-ти пат со министерот за финансии и министерот за труд и социјална политика и кога му кажаа дека е ова многу штетен закон, па Владата сега излезе. Но, не знам како ја дефинира бројката за која ќе се однесува ова и како ги најде во Буџетот финансиските средства за да може да им исплатува на работодавците по 3000 денари за секое невработено лице кое во иднина, здравје боже, тој ќе го вработи во неговата фирма.

Е сега, никаде во Законот, почитуван министре не видов дека вие ги врзувате работодавците да им исплаќаат плата и на невработените. Вие, во членот 4 велите - работодавачот, придонесот за плата за нововработените работници, значи само за придонесот правиме муабет, не правиме муабет за плата, ги пресметува и исплатува со исплатата на платите, согласно Законот за колективните договори, став 1.

Ставот 2, велите - работодавачот, за нововработените работници, му се надоместуваат средствата уплатени за придонесите на плата за пензиско и инвалидско осигурување во висина од 3000 денари месечно по работник на секои 60 дена, како што беше и во досегашнит два бранкови закони, доколку работодавачот за тој период исплатил плата и уплатил придонеси за плата.

Сега и тие 3000 денари, самите знаете дека придонесите за пензиско и инвалидско осигурување се однесуваат согласно просекот. Врз основа и она што остана да лебди, придонесот за здравствено осигурување врз основа на гранка. Од индустријата на Република Македонија, па како воопшто дојдовте до заокружената борјка од 3000 денари, дека таа, само тој износ вие ќе го надоместувате бидејќи имаме различни гранки во индустријата каде што работодавците би ги вработиле во иднина овие нововработени лица.

Точната заокружена бројка од 3000 денари само ми дава за право да размислувам дека и начинот на исплатата и уплатата на придонесите и за редовните вработени и за овие нововработени ќе се стави под знак на прашање. И, уште еднаш ќе повторам, никаде не посочувате дека работодавачот е должен да му исплати плата. Постојано зборувате само за придонесот, што државата ќе му го даде на работодавачот доколку тој вработи определен број на лица. Вие, само да ги вработите на хартија, вработени 15 луѓе, по 3000 денари од средствата за Буџетот ќе се повлечат пари и што ќе прават тие луѓе таму? Ќе работат, ќе ги ангажираат работодавците, ќе ги стават на машина да работат, ќе ги стават на машина за шиење или на било која друга алатка за работа? Прашање ми е дали тие луѓе понатаму ќе земат плата и кој ќе им го плаќа придонесот за здравствено осигурување? Затоа што редовните вработени имаат, кога се подига плата, исплатува придонеси, уплаќаат и за пензиско и за здравствено осигурување и на Агенцијата за вработување. Тоа останува како дилема во Законот. Јас, искрено, не најдов начин, предвиден со законот со кој што тоа би се остварило.

Членот 5, работодавачот е должен вработеното лице да го држи на работа најмалку двојно повеќе време од периодот за кој користел надоместување на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување. Вие, на работодавецот му плаќате 24 месеци, тој е должен согласно членот 2 во период од 24 месеци на работодавецот му го надоместувате придонесот, тој е должен да го задржи 48 месеци, двојно повеќе, таман да поминат и парламентарните избори и идните претседателски избори, да не се таласа многу групата на стечајни работници и технолошки вишок. Убаво решение сте смислиле, ама не сте размислувале за последиците што би ги имале тие лица доколку работодавачот, дури можеби имате добро смислено решение, кога веќе зборуваме за тоа во членот 7, во кој што велите дека работникот, доколку по негово барање или поради кршење на работниот ред и дисциплина му престане работниот однос, согласно законот не може да ги остварува правата утврдени со овој закон. Значи, 24 месеци работодавачот ќе го добива овој паричен износ од страна на буџетот во висина од 3000 денари, по број на нововработените лица, а после 24 месеци тој ќе ја "скрши" дисциплината и редот кај работодавечот, работодавецот ќе му даде отказно решение или ќе го задржи, ќе се најдат мајмунлаци. Знаете дека ги има еден куп. Затоа ги носиме законите за да можат субјектите на кои се однесуваат да ги кршат. И пак тие лица ќе останат така како што ќе останат, без соодветна егзистенција. Затоа што, ќе повторам нивната плата никаде не е дефинирана.

Имате предвидено, доколку невработеното лице од членот 3, стечајните работници и технолошкиот вишок, ако отпочне со вршење на дејност како трговец поединец, трговско друштво или отпочне да врши друга стопанска или занаетчиска дејност, согласно со Законот има право на надоместување на средствата за придонес за пензиско и инвалидско осигурување, согласно овој закон, со доставување на доказ до надлежен орган. За кој период, почитуван министре? Периодот не го кажувате. Кога тој, може би на средина од 24 месеци ќе отпочне или ќе основа трговско друштво или ќе стане трговец поединец? До крајот на 24 месеци или од тогаш па натаму почнува одново 24 за тоа лице? Искрено се надевам дека овие луѓе, кога ќе видат што се ќе им се случи со законот, ќе го применуваат овој член 9 и ќе си отворат и трговско друштво и ќе почнат да се занимаваат со стопанска и занаетчиска дејност да можат тие да си ги користат бенефициите место работодавците, како што е наведено во претходните осум члена од овој закон.

Во членот 10 се оградувате или ги оградувате државните институции од примената на овој закон. Агенцијата за вработување тука има клучна улога и сега доаѓаме до членот 12, средства за остварување на правата утврдени со овој закон се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија во рамките на средствата за стимулација за вработување.

Пак ќе повторам, ако вие не се потрудивте да најдете средства во Буџетот, кога беше Предлогот на закон и го убедувавте Претседателот на државата дека ова е штетен закон, дека многу финансиски средства ќе се одлијат од Буџетот, како сега, да не речам, велите дека овие средства ќе се обезбедат од Буџетот од средствата за стимулација за вработување.

Колку што се сеќавам на програмите, имаше борба против сиромаштија, поттикнување на вработувањето, не се сеќавам таква програма да имаше со такво име, но не видов средства за стимулација за вработување. Да не е помешано ова со Програмата за поттикнување на вработувањето, па таму да се предвидени средсдтвата а не во Буџетот.

Уште еднаш се прашувам како сега најдовте пари, а тогаш не можевте да се договорите со стечајците, затоа што една година луѓево укажуваат вие барате од нив пречистени списоци, барате од нив да може точно да се наведе бројот на луѓето, за да се знае колку се. тогаш не можеше да се најдат средства во Буџетот, но сега, за овој закон од Владата 3000 илјади денари и внимавајте нема работниците на работодавците и тоа во делот на средствата предвидени за придонеси за пензиско и инвалидско осигурување.

Сте се шинале, во членот 14 со висината на паричната казна. Најниската е 20 илјади, а највисоката дури 50 илјади денари. Сте се шинале. Ако не го почитуваат работодавачите законот, а нему нема да му претставува тешкотија да плати казна од 30-40 илјади денари. Инспекциите нема да одат секој ден, верувајте. Еднаш во годината дали ќе отидат дали нема да отидат. Во секој случај овој закон е неповолен за стечајните работници со над 25 години стаж и над 54 години старост и за технолошкиот вишок кои примале надоместок и кои се пријавуваат во бирото над две години. Владата, со уште еден оваков закон, бидејќи има искуство, ова е трет закон како Рамбо I ,Рамбо II, Рамбо III, па имаме бранков закон I, бранков закон II, III, нема да се постигне ефектот и нема да се постигне целта.

Како што реков, Владата топката ја префрла од пред својот гол на центарот, па кој ја фати, ја фати топката. Само, верувајте нема да бидат ниту стечајците, ниту технолошкиот вишок.

Благодарам.

(Со седницата продолжи да работи потпретседателот на Собранието на Република Македонија господин Слободан Најдовски)

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Глигориевски.

Три минути реплика за господинот Глигориевски Тома.

Повелете господине Глигориевски.

**Тома Глигориевски:** Благодарам господине потпретседателе.

Колешке Којзеклиска,

Вие истакнавте нејаснотии во Законот, меѓутоа по мене законот е јасно кажан дека работодавачите кои ќе вработат такви лица ќе имаат право на надомест односно рефундација на средствата за пензиско и инвалидско осигурување. Дали некој работодавачот ќе му се исплати, дали тој ќе биде продуктивен, дали ќе има ќар од вработување на такво лице по овој закон ако тој не им наложува на работодавачите, работодавачот сам треба да оцени и ако оцени дека и таквиот работник ќе му заврши работа, нормално дека ќе мора да му плати и плата и придонес за здравсто. Ќе мора да му го плати и придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, со тоа што како помош за работодавачот во таквите случаеви, врз основа на овој закон, тие средства ќе му бидат рефундирани.

Втора работа, истакнавте дека овој закон не ги опфаќа лицата кои ќе останат неангажирани. Да претпоставиме дека дел од овој закон некои работодавачи ќе ангажираат некои поранешни рајботници, меѓутоа дел сигурно ќе останат неангажирани. Со овој закон воопшто не им се помага на таквите луѓе. Меѓутоа, заборавивте да кажете дека до 2000 година со Законот за осигурување во случај на невработеност беше предвидено дека секое лице со над 25 години стаж имаше право на надомест до пензионирање, а дека во 2000 година токму Владата на тогашното ВМРО ДПМНЕ го промени тој закон и ги влоши условите, ги воведе и граничните квоти дека таквиот закон за до пензионирање ќе земаат само лица кои имат 53 или 54 години, како беше не се сеќавам добро. Меѓутоа, законот до 2000 година беше дека секое лице над 25 години стаж, што ќе биде прогласено за технолошки вишок до пензионирање или идно вработување ќе може да прима надомест. Тој закон вие го укинавте и сега се секирате за таквите лица кои немаат никаков надомест. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Една минута контра реплика за пратеникот Којзеклиска Марија.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Гледам, вие се испосеќиравте, та ваков закон од 15 членови предложивте, сега, после една година размислување.

Почитуван колега, дали ќе се исплатува на работодавците? Јас тоа не го велев и не е целта на законот, како што вели Владата. Работата е луѓево кои се невработени, кои се стечајци и технолошки да можат да бидат вработени некаде и да се чувствуваат активни. Ќе повторам, верувајте кога ќе им го видат суратот на луѓето, на старт ќе речат, благодарам, не ми требаш, ти си стар, возрасен, не можеш да работиш. Значи, не е работата дали ќе им се исплати на работодавците, работата е овие луѓе да се ангажираат и да се средат. Благодарам.

Ќе повторам, верувајте кога ќе им го видат суратот на луѓето, на старт ќе речат, благодарам, не ми требаш, ти си стар, возрасен, не можеш да работиш. Значи, не е работата дали ќе им се исплати на работодавците, работата е овие луѓе да се ангажираат и да се средат. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, има збор пратеникот Јордан Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Почитуван потпретседателе, почитуван министер, дури сега ми е јасно зошто е направена инверзија на дневниот ред кога онаа точка - Законот за стечајците што го гласавме ја изместивме да биде точка 33.

Дефиницијата социјална држава, како што стои во Уставот, не се остварува сама по себе, ниту целосно се остварува кога ќе дојде до социјален набој, социјална тензија или до социјална дисфункција во државата. Проблемот со стечајците не е ниту од вчера ниту од пред една година. Тоа значи оваа точка на дневен ред, односно овој закон ќе звучеше многу логично ако оваа Влада уште на самиот почеток го ставеше на дневен ред. Значи, за 4 години ќе се покажеше неговата функција, ќе се покажеше во однос на тоа колку стечајци ќе успеат на ваков начин да се вработат и што ќе се случеше сега, со колкава бројка ќе располагаме на луѓе од оваа категорија на кои ќе требаше во овој момент да им помогнеме.

Доколку ме служи меморијата, пред месец дена се собравме претставниците на политичките партии, тогаш бев во својство на претставник на НСДП и сите се договоривме судбината на стечајците да не ја користиме за популизам во предизборието и епилогот од тој разговор беше Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии да ја пресметаат бројката на стечајните работници, Владата да ги види своите можности имајќи ги во предвид и нашите обврски кон ММФ, да ги види своите можности и да излезе со едно законско решение кое ќе биде прифатливо за сите, а за тоа се согласивме сите претставници на политичките партии и ставивме потпис. Поминаа месец и половина од тогаш, но нема ни еден статистички показател колкава е бројката на стечајни работници за кои веќе донесовме еден закон, ги притиснавме повеќето од нас тука зелените копчиња. Јас мислам дека таа игра не треба да продолжи на тој начин.

Зошто мислам дека овој закон е изнуден? Овој закон е изнуден, направена е инверзија во дневниот ред мислејќи дека ќе направиме компензација односно Владата мислеше, во однос на барањата на стечајците. Тој процес тече и мислам дека денеска треба да се разговара за тоа кое ќе биде продуктивното решение кое ќе се договорат стечајците и Владата, а Парламентот да го поддржи. Има време тоа да го направиме пред да биде распуштен Парламентот.

Меѓутоа, денеска нудиме компензација за она што не може да биде компензација за судбината на стечајните работници. Зошто не може да биде компензација? Не може да биде компензација затоа што, доколку се погледне суштината на законот и логично да се погледа не мора да бидеш голем логичар и математичар, ќе видиш доколку Владата оперира со статистички показател колкава е бројката на стечајците на кои им нуди по 3000 денари, тие побараа нешто повеќе, тоа значи дека Владата има пари. Повторно истиот закон да го поддржиме што не го потпиша Претседателот на државата, повторно да го изгласаме. Значи, има пари, но премислата и хипотезата е друго дека овие луѓе не можат да се вработуваат со таа динамика, што значи дека не мора толку пари да се ангажираат од Буџетот и мислам дека на таков начин не го решаваме проблемот. Ако некој работник од 54 години земе 24 месеци, после две години ќе има 56 години, буквално ќе го истераат на улица со 56 години, па ни статистички никој нема да го земе веќе на работа. Овој закон звучи малку на некое, како да кажам, социјално милосрдие во предизборниот период за мене палијативна мерка, можеби убаво звучи и јас сум за тоа, мислам дека е либерален став и треба да се поддржува дека активните мерки на пазарот на трудот треба да ги поддржуваме. Да, ама ако беше на почетокот на мандатот на оваа Влада и социјалната програма ќе кажеше до сега кое отворено, а кое не е отворено прашање. Вака како што сега стојат работите, мислам дека проблемот нема начин да го решиме дотолку повеќе, ајде да ја погледнеме вистината во очи дека на пазарот на трудот е немилосрдна конкуренцијата, излегуваат млади стручни кадри кои ни бегаат од државата, за нив не можеме да најдеме работа, а ќе сме ги вработиле овие со 54 години и натаму. Мислам дека забелешката стои,а и сомнението стои. Затоа мислам дека оваа точка на дневен ред е изнудена.

Сега што? Во оваа ситуација мислам дека и да го поддржиме и да не го поддржиме законот нема да направиме ништо, ставот на НСДП дека овој закон во суштина нема да реши ништо. Нашиот став е да ја дочекаме оваа 33-та точка, дај Боже да не се распушти Парламентот и да посакаме Владата и стечајците денеска да се договорат и навистина да дефинираме едно продуктивно решение со цел, стечајците да можат, да не се изживуваме со судбината на стечајците и да не ги ставаме луѓето во една безнадежна ситуација во која се наоѓаат да не можат да обезбедат корка леб и пристојна егзистенција за своите семејства, а не се виновни за судбината што им се случило. Тоа е суштината на социјалната држава во која сите веруваме и затоа сме се дефинирале во Уставот како социјална држава, пред се, почитувајќи ги обврските кон ММФ, меѓутоа, и нашите специфики за кои треба да се изборите пред ММФ ако сакаме да бидеме сериозен партнер.

На крајот да кажам дека секое продуктивно решение помеѓу Владата и стечајците, ние како НСДП ќе го поддржиме. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине министре, реплика или збор? Реплика.

Повелете, три минути реплика за министерот за труд и социјална политика господинот Стевчо Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Морам да му реплицирам на пратеникот затоа што тој рече дека функцијата на социјалната држава во Република Македонија не се остварува, тоа апсолутно не е точно, третина од Буџетот од 60 милијарди денари скоро 18 милијарди денари се издвојуваат токму за социјални намени, ако на тоа ги ставиме парите кои се издвојуваат и за покривање на здравството, значи во делот на социјалните

трансфери се далеку поголеми во однос на она што ние го зборуваме овде.

Значи, 9,3 милијарди денари од Буџетот се издвојуваат за пензии, за дефицитот во Фондот на ПИОМ, во спротивно, почитуван пратеник, 30% од пензиите ќе треба да ни бидат помали. Тоа е една функција која ја оствaруваме.

Втората функција 4,8 милијарди денари или 80 милиони евра издвојуваме во Агенцијата за вработување за поддршка на технолошките вишоци, стечајните работници, за обука и преквалификација, значи тоа е втората функција.

Третата функција, сите социјални програми во Република Македонија кои се 2.850.000.000, а минатата година беа 3.080.000.000, веројатно со ребалансот ќе се обезбедат дополнителни средства така што не е точно дека не се остварува функцијата, а таа се остварува во рамките на можностите и анализирано со други земји во светот во Република Македонија има многу поголеми социјални трансфери во однос на Буџетот.

Следната работа како тоа ние да не знаеме колкав е овој број. Во континуитет се менува тој број и во континуитет се менуваат барањата. Сега, дали знаете кои се најновите барања? Најновите барања се не и технолошките вишоци, туку само стечајците. Јасно е, ние веднаш ја имаме таа бројка дека стечајни работници и технолошки вишоци над 25 години стаж се над 17.100 лица. Меѓутоа, тоа што вие не сакате да прашате и не сакате да слушате што ќе соопшти Министерството за труд и социјална политика не можеме ние да сносиме одговорност како извршна власт.

Следната работа дека ова нема ништо да реши. Дали некој што ќе добие 3,4 или 5 илјади денари ќе се решат сите проблеми на тоа семејство? Решението е на тие граѓани да им се помогне да најдат работа, тоа е перспективата, перспективата е исполнувањето на човекот кога создава вредност, кога се чувствува вреден, кога тој седи дома и добива некоја милостиња што вие сакате да ја предложите, човекот се чувствува невреден. Она што ние сме предложиле овде, одиме во две насоки, една за поттикнување на вработување, а втора со измена на Правилникот за еднократна помош за сите оние кои се социјално загрозени иако сме го промениле прагот на социјално загрозени, значи за нив ќе важат посебни услови за оваа категорија на граѓани да интервенираме со еднократна помош. Значи, делуваме во две насоки.

Последната работа што сакам да ја кажам е дека ова беше предложено уште во август месец минатата година, меѓутоа, тие го одбиваа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, една минута контра реплика за пратеникот Јордан Михајловски.

**Јордан Михајловски:** Почитуван министре, зборувавте за социјалната функција. Јас го почитувам тоа што го прави Владата, никој не го минимизира она колку пари се одлеваат за социјални функции на државата, јас зборував за една категорија луѓе кои не ги допира оваа програма и кои немаат друг начин да ја обезбедат егзистенцијата.

Само ќе ви поставам прашање, и вие потекнувате како мене од Крива Паланка од еден пасивен крај, а да ставиме и други градови од Источна Македонија, да речеме Виница, Берово, Делчево, па и Крушево во Западна Македонија и други, кои се потенцијалите, кои приоритети се оствариja на Владата во овие години за да има економски потенцијал. Еве, на пример кривопаланечкото и кратовското стопанство да може да ги апсорбира овие. Нема, вие ќе понудите по 3000 денари, но нема кој да ги земе на работа, нема каде да ги земе, ништо не работи во градовите, во тоа е проблемот, а не во друго.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Блаже Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Почитуван господине Најдовски, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Јас навистина жалам што мораме овде да дискутираме со министерот за труд и социјална политика затоа што ова прашање, пред се, се однесува на премиерите на Република Македонија, Бранко Црвенковски, господинот Хари Костов, господинот Бучковски, затоа што во зависност од полнењето на средствата, како што слушнавме 30% од Буџетот се одделуваат за социјални трансфери, ако Буџетот има прилив од страна на стопанството, ако економијата работи профитабилно, ако економијата е успешна, тогаш ќе му биде многу полесно на министерот за труд и социјална политика.

Меѓутоа, факт е, дека ни еден од премиерите не е тука, напротив, оној закон со кој требаше да им се помогне на оние најзагрозените, лицата кои се над 54 годишна возраст и лицата кои имаат над 25 години пензиски стаж не беше потпишан указот за прогласување на законот од страна на претседателот на државата Бранко Црвенковски и сме доведени во една ситуација да дискутираме за нешто што треба да биде политичко покритие на непотпишувањето на тој закон односно некаков смирувачки ефект за стечајните работници кои навистина едвај преживуваат или едвај ги поминуваат деновите.

Што сакам да кажам? Сакам да кажам дека овој закон вака како што е предложен не претстсавува ништо друго туку некаков трет Бранков закон од кој ги видовме успешните ефекти на претходните два, па сега треба уште еден трет пред два месеци од крајот на мандатот на оваа Влада, со што апсолутно не може ништо да се постигне. Ако треба нешто да се постигне, тогаш треба да се постигне со конкретни, реални мерки кои треба да дадат брзи ефекти за овие лица. Кои се тие брзи ефекти јасно им е на сите дека треба да се види начинот на кој треба да се финансира социјалната сигурност на овие лица и изворите на средства за оваа намена. Ако тука се најде решението на овој проблем, тогаш нема никаков проблем, меѓутоа,

факт е дека тоа решение не се барало и сега се доаѓа до еден закон кој треба да претставува покритие на оваа безизлезна ситуација за Владата, затоа што, факт е и покрај сите пирамиди и покрај сите покачувања на ДДВ од 5 на 18% и покрај сите активности кои ги врши фалење преку медиумите дека успешно работи, дека имаме некакви инвестициони активности, факт е дека Владата нема пари да ги покрие елементарните социјални права на овие лица кои без своја вина останале без работа и сега се наоѓаат на списоците на Бирото за вработување без никаква можност да бидат вработени затоа што факт е дека ниту квалификационо се подготвени за да можат тоа да го направат или многу мал дел од нив се квалификационо подготвени, согласно постојната потреба на компаниите како познавање на јазици, информатичка технологија и други прашања кои се однесуваат, а од друга страна имате армија на невработени млади луѓе кои се со факултетски дипломи, кои се во тек со сите овие современи технолошки достигнувања, со познавање на информатичката технологија и на тој начин фактички не се во можност овие лица кои се над 25 години стаж и над 54 годишна возраст да конкурираат на останатите невработени во Република Македонија и на тој начин да бидат вработени.

Она што Владата вели дека ќе принуди некој работодавец со тоа што ќе му даде 3000 денари на секои 2 месеци еднократно со тоа што ќе го услови со тие 3000 денари да мора да го задржи на работа вработениот, ќе претставува решение на овој проблем. Јас навистина сум убеден дека и министерот е свесен дека ова не може да биде решение на овој проблем и дека решението претставува во отворањето на нови работни места, во заживување на стопанството и во ослободување на притисокот од невработените од сиромаштијата која постои во Република Македонија. Тоа е основната цел кон која треба да се стремиме сите, меѓутоа, факт е дека неуспешноста на владеењето на оваа Влада доведе до овие ситуации кои ги имаме сега.

Јас морам да истакнам дека поднесувањето на овој закон претставува признание на оваа Влада дека нема нови работни места, дека нема инвестиции, дека нема пари во Буџетот за социјална сигурност на стечајните работници и дека бројот на стечајни работници не е оној или толкав колкав се презентира во јавноста.

Првата информација или соопштение од страна на Владата беше дека законот ќе може да се реализира. Потоа се покажа дека бројката на социјални случаи на стечајни работници, тоа е едно исто затоа што тие навистина се наоѓаат во исклучително тешка социјална состојба е толкава да не може Буџетот да го издржи финансирањето, согласно законот кој беше донесен.

Од друга страна се појавија бројки кои на почетокот беа 6 до 7 илјади потоа се спомнуваше бројка од 8 илјади за на крајот последната бројка која ја слушнавме преку медиумите беше околу 17 илјади. Како капак на сето тоа го добивме известувањето од Претседателот на државата господинот Бранко Црвенковски во образложението за непотпишување на законот вели дека со тој закон може да се наруши стабилноста во финансирањето на Фондот за ПИОМ. Тоа значи дека со овој закон, со финансирањето на 17 000 лица кои останале без работа заради одењето на фирмата во стечај може да се доведе во прашање финансирањето на пензионерите. Ако е така дали не значи признание дека и финансискиот фонд стои на стаклени нозе или, ајде да ја смениме малку математиката или бројките да ги ставиме онака како што милува Владата да зборува со аргументи, јас сакам да зборувам со аргументи преку факти. Фактичката состојба е следната:

Избирачкиот список во Република Македонија брои 1.746.000 лица. Од нив, според официјалните податоци од Министерството за внатрешни работи 70000 илјади лица се наоѓаат надвор од Република Македонија. Значи, остануваат околу 1.670.000 полнолетни граѓани на оваа држава кои по оваа логика треба да имаат живеалиште и живеат во Република Македонија.

Според податоците од Фондот за здравствено осигурување каде е наведено дека 545.000 луѓе во Република Македонија се водат како вработени од кои 125.000 некаде нередовно ги плаќаат придонесите и ако на тие 545 или 550.000 се додадат 250.000 пензионери во Република Македонија доаѓаме до една бројка од 800.000 лица кои доколку би се одзеле од бројката на полнолетни граѓани кои, согласно избирачкиот список, живеат во Република Македонија, а тие се околу 1.680.000, доаѓаме до една неверојатна бројка од 800.000 лица кои се полнолетни, а кои се невработени. Зошто нив ги нема во списоците на Агенцијата за вработување е едно прашање.

Второ прашање е дали избирачкиот список е навистина добар како што треба, тоа навистина е второ прашање, значи ние манипулираме со податоци кои, зависно од ситуација до ситуација ги поставуваме како аргументи за или против.

Тоа значи дека во Република Македонија се уште немаме еден сериозен пристап кон основните прашања кои треба да значат сериозен пристап и во креирањето на буџетската политика и во креирањето на социјалната сигурност на лицата кои навистина ја заслужуваат неа.

Меѓутоа во однос на потикнувањето и подржувањето пред се на земјоделската активност, затоа што сметам дека земјоделието е многу важен фактор за намалување на притисокот од социјален аспект и исто така во областа на економијата и останатите области на економијата, каде што навистина треба да се помогне реално преку директни кредитни линии, кои што треба, пред се, да бидат на товар некогаш и на профитабилноста на работењето на банките во Република Македонија, кои што никако да влезат со помали камати или никако да влезат со

кредитирање на приватни компании, кои што нема да им дадат хипотеки од 1:2 или 1:3, не знам веќе колку.

Затоа, сметам дека ова прашање за кое денес разговараме не треба да биде прашање само заради тие три илјади денари, прашање само заради решавањето или нерешавањето на статусот на лицата стечајни работници, туку прашање кое треба да се отвори во Република Македонија од страна на сите досегашни премиери на оваа Влада и да дадат отчет за лошата економска ситуација во која што се наоѓа Република Македонија и начинот на кој што би се решиле стратешки, комплементарно, комплексно од сите аспекти овие прашања за кои што денес разговараме.

Она што сакам да го истакнам понатаму по однос на овој закон е, кога зборувавме за помошта што треба да им се дава на лицата технолошки вишок, овде имаше колеги пратеници кои што истакнуваа дека за тој закон не треба да се зборува, затоа што не била предвидена финансиската конструкција односно не биле предвидени финансиските средства кои што биле потребни за донесување на тој закон. Јас овде ќе прашам колку финансиски средства ќе ја кошта Владата овој закон. Колку од Буџетот пари ќе се потрошат за оваа намена. Нула, ништо. Владата на овој начин нема да потроши ниту денар од Буџетот за да ги финансира решавањата на статусот на овие стечајни работници. Ова го велам затоа што, прво, нема предвидувања колку работни места има кои што би се пополниле на овој начин, што значи нема очекувања, нема предвидувања, нема реална основа за да можат да се предвидат вакви работи. Втора работа, овие лица и досега користеле здравствено осигурување, се пријавувале како невработени во Агеницијата за вработување. Занчи, самопридонесот за здравство, кое што секако не е мала бројка, 23% чинам беше, сигурно изнесува 1,500 денари колку што Владата одвојува на овој начин месечно, бидејќи за два месеци е 3,000 денари. Ако е тоа така, тогаш апсолутно јас не гледам никаква логика преку овој закон Владата да каже дека ние правиме успех и помагаме за решавање на статусот на овие лица. Не помагаат, туку единствено бараат начин да се тргне, она што модерно се кажува сега, пасивната мерка и наместо пасивната, да се покаже дека еве правиме активни мерки. А, за тоа да биде јасно на граѓаните, пред се на Република Македонија што се тие пасивни, а што активни мерки, јас ќе кажам со еден збор, активна мерка е ново вработување, пасивна мерка е надомест за преживување. Пари кои што треба да се потрошат за прехрана, за облека и за се она што значи некакво преживување во семејството. Ова го симплифицирав, многу го поедноставив, сигурно дека тука има други активни мерки околу доквалификација, преквалификација, меѓутоа, не сакам да должам.

Она што сега се прави е пасивната мерка, помош која што требаше да изнесува 5,300 денари, сега се заменува без таа помош да му се овозможи на работодавачот да има активна мерка, да вработи некој за по 1,500 денари месечно. Верувајте, подобро би било кога тие 1,500 денари, ако веќе не им давате повеќе на тие луѓе, да им ги дадете ним директно месечно, на тој начин барем ќе видат некаква директна полза од тие 1,500 денари да можат да го платат покачувањето на струјата од септември натаму или нешто друго, но факт е дека на овој начин со овие 3,000 денари ниту работодавачите ќе имаат полза, ниту самите лица за кои што, како што се вели во овој закон се наменети тие средства.

Како основна причина за поднесувањето на овој закон јас сметам дека е не заради Министерството за труд и социјална политика туку немоќта на сите овие влади на СДСМ досега, а тоа е отсуството на инвестиции што директно значи отсуство на отворање на нови работни места. И, сега Република Македонија се доведува во ситуација не да размислува за нови работни места, туку за зачувување на постојните работни места. Јас мислам дека како што поминува времети, тоа е се поголем приоритет. Тука веднаш ќе се појави едно друго прашање. Ако не можат да се зачуваат постојните работни места, тогаш имаме нови технолошки вишоци, имаме нови лица кои што ќе останат без работа врз основа на одење во стечај на тие фирми. Значи, зачувувањето на постојните работни места преку подршка на компаниите, соодветна економска политика итн. Втора работа, отворање на нови работни места кои што треба да бидат резултат на инвестиции во Република Македонија, а инвестициите што е она што ги спречува да дојдат. Ги спречува високото ниво на корупција, ги спречува она што кажав претходно неподготвеноста на банките да кредитираат во приватниот сектор, ги спречува сите повеќе она што значи економска клима во државата. Не сакам да ја користам оваа ситуација да ги ширам овие проблеми затоа што навистина овие проблеми се многу значајни и ги тангираат пред се оние лица за кои што требаше да зборуваме не како точка 33, како што кажа еден колега, за овој закон, туку многу порано и да се изјасни овој Парламент или да каже Владата, почекајте ние ќе направиме договор со овие лица и врз основа на тој договор Парламентот ќе донесе решение за овој проблем. Сега, ние дискутираме за еден закон кој што утре може да се каже дека ако се донесе некаков договор помеѓу Владата и стечајните работници дека овој закон нема никаква потреба ниту да биде донесен, ако се донесе.

Затоа, јас морам да искажам дека 96 милиони евра инвестиции, од кој најголем дел од продажба на државно земјиште во 2005 година не се доволни за отворање на нови работни места. Дека недефинираната минимална плата на вработените, не може да биде сигурност на вработените, дека ефектите кои што треба да се постигнат со овој закон, финансиските средства со кои што треба да се подржи социјалната

сигурност на стечајните работници не се дефинирани, не се определени и согласно на тоа не може да се прават стратегии и концепции за реализација на целта која што треба да биде постигната со овој закон.

Затоа, јас нема да го подржам овој закон. Ќе кажам дека два пати досега се соочивме со ваков закон, се покажа неговата неуспешност. Ако беше успешно инплементирањето на првиот Бранков закон или на вториот Бранков закон, тогаш ние немаше да имаме ограничено временско траење на тие закони, туку тоа ќе беше начин на кој што Владата континуирано ќе вршеше влијание на зголемување на вработеноста во Република Македонија. Затоа, велам ова што се прави не заслужува посериозно внимание, затоа што од ова нема да има никакви ефекти, а луѓето и понатаму ќе останат во онаа ситуација во која што се наоѓаат, доколку не се случи нешто во овие преговори со Владата кои што ги водат, па да им се даде некаков надомест да можат колку толку да поминат барем неколку дена од месецот, затоа што факт е дека тешко се преживува со тие средства во вакви тешки и скапи услови на живеење. Благодара.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојаноски.

Три минути реплика има министерот за труд и социјална политика, господинот Стевчо Јакимовски.

Повелете господине министер.

**Стевчо Јакимовски:** Господине пратеник, сакам да ви кажам дека погрешно го читате законот и ја мамите јавноста. Би било добро кога нешто не ви е јасно да се информирате во Министерството или тоа да го сторите преку надлежните комисии. Не се добива по 1,500 денари месечно, туку секој месец по 3,000 и средствата се исплаќаат на секои 60 дена. Второ, на истите тие лица, веќе постои законска можност да бидат ослободени од плаќање на персонален данок, што е уште еден бенефит и останува само за работодавачите само да го платат придонесот за здравствено осигурување. Значи, не е по 1,500 денари и немојте да ја мамите македонската јавност.

Набројавте дека наместо мене овде треба да седат премиерот Бучковски, господинот Црвенковски, господинот Хари Костов, но заборавивте уште две личности, го заборавивте Љубчо Георгиевски и Никола Груевски. Зошто? Во Република Македонија во 1998 година имаме 39.000 технолошки вишоци и стечајни работници. Во 2002 година после фантастичното ваше владеење имаме 46.000, денес имаме точно 35.274, што значи 11.000 помалку. Во 1998 година има 255.000 невработени, во 2002 година има 374.000, имате коњички скок од 114.000, денес имаме 357.150 лица. Во 1998 година придонеси се платени на 378.000 лица, за да во 2002 година придонеси се плаќаат на 340.000 лица. Значи, 38.000 лица придонеси им се платени помалку. Како тогаш економијата би била вам подобра.

Последното прашање, социјални случаи во 1998 година имаме 59.000, во 2002 имаме 84.000, денес имаме 65.000 со тенденција на намалување. Јас не можам да разберам како тоа на вас не ви текнува да ги повикате тие две личности кои биле најодговорни за економската политика. Едниот важи како човек кој што ја водел макроекономската политика, а другиот кој што ја водел Владата. Згора на тоа да ви укажам како работевте. Значи, рудникот Саса имаше 8 милиони долари долг во 1998 година, за да во 2002 година по раководењето на нечиј вујко, тој рудник има 24 милион долари долг. Тоа се рецидивите што ние денес ги решаваме со овие мерки што ги предлагаме по владеењето во 1998 година до 2002 година на економската политика на ВМРО ДПМНЕ. Уште еднаш ве молам за ваквите прашања, покрај овие тројца премиери, два премиери минати и сегашни, треба да си ги поставите и на овие две личности. Уште една работа, велите дека нула трошок ќе биде за овој закон. Вие не ги знаете интересите кои се на бизнис заедницата, зашто никогаш не сте работеле во бизнисот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Господине Стојаноски, една минута контра реплика, повелете.

**Блаже Стојаноски:** Значи, интересите на бизнис заедницата е профит и немешање на политиката и на државата на владините институции на нивната работа, а тоа за жал не е случај.

Во однос на сите овие бројки што ги наведовте, јас само ќе ви кажам еден податок од извештајот на светска банка, каде се вели дека на почетокот на 2003 година од 82.000 семејства кои примале социјална помош, се намали бројот со акција на Министерството за труд и социјална политика на 63.000. Значи, со акција на Министерството, а не со вработување. Тоа значи дека бројките кои што ги кажав, сега вие кажавте бројка од 37.000 за 2002 година, јас не знам како дошло во 2003 година 82.000 како податок на светска банка. Не сакам да полемизирам со сите други бројки кои што ги искажавте, затоа што немам доволно време, ќе ви кажам еден податок. Согласно официјалниот извештај на ревизорот на Република Македонија за 2004 година 125 милиони евра се потрошени на незаконски начин од кои 22 милиони се потрошени на незаконски начин, согласно законот за јавни набавки.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Флоровски Александар.

Повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Почитувани присутни, многу е лошо пред вака мал број на пратеници да се говори за едно вакво битно прашање. Значи, не постои некој посебен интерес да се сослушаат, условно кажано, двете страни позиција и опозиција и таквото однесување ме тревожи. Дали тоа се должи на крајот на овој пратенички мандат, но сметам дека играта се води до последен момент, во еден спортски термин

кажано и дека треба да се даде максимални придонес кон она што значи доаѓање на некои квалитетни решенија за кои се надевам дека сите се трудиме. И сакам да верувам во искрената желба дека ова денеска што е понудено ќе може да ја поправи ако не повеќе визуелно, а не во практика работите кои ни се катастрофално лоши што се однесува до македонската економија. Овој закон што е предложен денеска е во склоп на таа македонска економија, макроекономска или микроекономска, како сакате крстете ја не е тоа битно. Денес имаме пред нас, почитувани дами и господа, закон од 15 точки, членот 15 е од денот на објавување во службен весник. Закон кој не знам од кои причини ова е веќе ако не се лажам седмо продолжение или седма серија на законот од 1997 година. Значи, додека господинот Јакимовски е министер имаме две измени на законот тоа е 2005 и сега 2006, ако не се лажам. Јас не знам од кога бевте министер, знам јас од кога влегов пратеник можеби грешам, но 2005 мислам бевте министер. Но, не е ни битно тоа. Сега говорете од позиција на министер, ние говориме од позиција на пратеници и сметам дека ова што овде ќе го говориме не е со некоја зла намера и едноставно да се излезе да се контрира на некои работи за кои стварно сметам дека не само што не држат вода, туку во практика се неизводливи. Од кои причини? Постојат 1001 причина. Добро е да се верува дека овој закон ќе направи нешто во оваа општа немаштија и општ хаос кој владее во државата во сверата на економијата и дај боже да се успее со оваа работа. За да некоја идна влада решава помалку вакви проблеми, за да некоја друга влада не оваа иднава, има помалце проблеми во сферата на економијата што значи дека ќе немаме економски проблеми, ако немате економски проблеми по автоматизам ќе немате н политички проблеми. Затоа што сведоци сме секојдневно на штрајкови, митинзи и не знам уште како да ги крстам, пред Влада, пред Собрание на луѓе искрено загрижени за судбината сопствена и на сопствената фамилија.

Ова не е само обична реторика, тоа кога да поминете може да го видите, а кој ќе ве сретне на пат ќе ве праша, макар што нас не знаат луѓето, следат да искоментираат на ваков или на таков начин, при тоа коментарите се однесуваат на вашето работење не сакам да ги спомнувам и не се баш за фалење. По некоја несреќна случајност се најдовте на позиција на која се најдовте и нема да прифатам да ми говорите за периодот 1998 до 2002 година од никаков аспект, затоа што тоа е веќе минато време. Народот во 2001 година излезе, ни ја запечати судбината како ВМРО ДПМНЕ, ви даде доверба, добивте 500.000 и кусур гласови, што значи рече дека сме непожелни да владееме. Ќе кажа еден поблаг збор, да раководиме со државата, лошо звучи владеењето и не сакам никој да владее со мене освен господ, но тоа е сепак божја волја. Но, се прашувам господине министре дали ваквите закони се визијата за Македонија која се нудеше во едно минато време на 15 септември кога излегуваше господинот кој е еден спрат над нас и велеше дека ќе има вработување од секое семејство барем по еден. Дај боже да беше така. Дај боже тоа да се случеше овде да говоревме за други закони, не за она што може да направиме, за стечајците, што можеме да направиме за луѓето кои наполнија 55 години старост за кои нема визија, нема иднина. Реално говореејќи денес во оваа економска ситуација во која се наоѓаме, тешко дека тие луѓе од над 50 години и над 55 години имаат некоја шанса некој да ги прими и покрај овие олеснувања, ако може така да се наречат нешто ќе придонесат кон тоа. Ако се ставите пред дилемата, еве јас како работодавец, условно кажано или вие утре како работодавец, дали би примиле некој продуктивен кој има 25 години кој многу повеќе може да придонесе за фирмата, било да се работи за јавно претпријатие или приватно претпријатие или фирма или ќе примите работник на 55 години и покрај она што ни се нуди во членот 4 ставот 2 дека ќе му се плаќа на секој 60 дена месечно по 3,000 денари и дали тоа ќе биде доволен стимул за тие луѓе. 55 години значи заоѓање на работната кариера, не на животот. Тоа, сепак, не зависи од нас, зависи од божјото провидение кој колку ќе живее и на кој колку му е пишано, но со 55 години старост, апсолутно никој не може да ме убеди дека некој работодавец ќе типува на него и ќе игра фиксен кец.

Не верувам во таква работа затоа што комуницирам со луѓе кои држат кафиќи, кои држат приватни фирми итн. Нема теоретски шански. Дајте да не се лажеме. Мислам дека многу почесно е да се каже вистината во очи и да кажеме дека овој закон кој се носи буквално во екот на предизборието, нема да успее да заживее. Лично како човек, ако ме прашувате, сакам да успее за да не ги гледам луѓето како се маткаат по улиците и не знаат како да го врзат денот од денес до утре, како да ја прехранат сопствената фамилија. Случајно одам низ Македонија, како предвесник на политичката кампања. Знаете ли кои се главните прашања на обичните луѓе? Како да се преживее. Не прашуваат Европската Унија, не прашуваат НАТО, воопшто не ги интересира. Бев скоро во Гостивар и ми вели човек, имам три деца а незнам утре дали ќе имам леб да им купам, македонци по некоја случајност, а човекот е малку постар од мене, 53-54 години е. Децата му се полнолетни, невработени, ги има три, а требаше да биде, од секоја македонска фамилија барем по еден да биде вработен, така се ветуваше во таа коалиција. Но, се заборавија тие работи и јас сега не сакам да навлегувам многу во тие работи за да не се свати тоа како политички маркетинг, иако овој закон реално меже да се квалификува во предвечерието на новите парламентарни закони, како популистички закони, никако поинаку. Јас така го сфаќам, при тоа не сакам да навлегувам во вашите чесни намери. Значи, овде говорам во лично име, не говорам партиски, кажувам јас како

ги гледам работите. Вие како министер ќе кажете дали тоа држи вода или не држи. Притоа, сакам да ви спомнам, не се враќајте на периодот 1998-2002 година. Нас народот не казни заради таа работа. Но, не заборавајте дека сте 4 години на власт,колку практикувате министерска функција не сакам да навлегувам, но ја имате позицијата која ја имате денес и се гледаме тетатет во 4 очи, а народот не следи и разговараме максимално отворено. Овој закон е класичен популистички закон, според мене. Не е тоа партиски став на ВМРО-Народна партија. Тоа е мое човечко размислување. Зошто велам така? Затоа што не гледам логичност дека овој закон ќе заживее. Не верувам. Сакам да биде така заради проблемите кои може да настанат и сега и во иднина, затоа што кога ќе ви излезат голема група на луѓе пред Собрание или пред Влада, со гладни стомаци се размислува поинаку одколку со полни стомаци. Што сакам дда кажам? Лесни се за политичка манипулација. Значи овој закон денес кон ни се става на маса, министре, нема да помине. Нема да помине во практична смисла . Овде во Парламентот ќе помине, еве и да ви дадеме поддршка. Но, дали тоа ќе вроди со плод, дали вистински ќе вроди со плод, или дајте сега е предизбори, ќе пласирамешто ќе пласираме, овие од опозицијата ќе си лаат, последниот збор е на министерот и на Владата, ќе си кажете што имате и ловите политички поени. Затоа реков дека е популистички. А сакам во практика да се спроведе овој закон. Да успее, не да се спроведе, да си успее во намерите. Не сакам ни еден македонец да гледам на улица, не сакам ниеден македонец да го гледам како застанат моли да му се даде, при тоа наоѓајќи разни изговори за не дај боже, за болест, за дете, за било што. Такви случаеви имате милион во Скопје, а како е во останатите македонски градови, можете да замислите. Освен Скопје, буквално другото се е мртво. Знаете ли што работат во државата, бог да чува, освен претпријатијата за починати. Се е затворено. Дајте да направиме вистински нешто. Јас вакви говори имав додека беше на власт и ВМРО-ДПМНЕ, додека бев член на таа партија, додека Ѓоргиевски беше премиер, истото го говорев. Дајте да направиме нешто, ако ништо повеќе народот да не запамти дека зад себе оставивменешто и оставивме, за разлика од вас. Народот вели, во тоа време да брцневме во џебот ќе најдевме некоја жолта банка. Денес да ги превртиме џебовите, буквално нема ништо. Таа е фактичката состојба. Не смееме да бегаме од тоа и заеднички треба да ја решаваме таа работа. Овде мора да се бара политички консензус. Овде нема политички партии. Овде има интерес овој народ да опстане. Зошто? Од едноставна причина, имате масовно бегање на потенцијални млади кадри кои утре Република Македонија треба да ја носат на плеќи. Неможеме вечно ние, а од нас има и попаметни и поспособни кои немаат шанса да дојдат, а се надевам дека ќе ја добијат. Но, со ваква економска политика, со она што се нуди, овие наводно olеснителни околности работодавачите секогаш гледаат да ја изиграат државата, затоа што се манги, поминале и сито и решето, ќе гледаат да ја измолзат државата и на крај ништо да не се постигне. Затоа велам дека политички маркетинг.

Не самом што е популистичка мерка, можам уште милион епитети да ви кажам во врска со овој закон. Вакви закони нудеше Бранко, Бранков закон 1, Бранков закон 2, Браконв закон 3 ли е ова, неможам да го разберам, верувајте. Дали мојот ментален склоп е толкав, но до толку знам да размислувам, знам да рпесудувам, фала му на Бога, и знам да памтам некои работи кои се случувале во минатото.

Дали ова е обичен политички маркетинг, или искрена верба дека нешто ќе се направи, ќе сакам да ве слушнам вас како министер, кои ссе вашите визии. Инаку, во принцип добро ќе беше да станевте и да дадевте ваше видување пред да се јават пратениците во врска со овој закон, иако се работи само за измени, а се носи по итна постапка. Значи се работи за живот или смрт, бити или не бити. Толку ви се брза. Мене не ми е јасно што се чекаќе досега за еден закон со 15 членови, при таа иста структура која ја имате во Министерството. Таму седат и умни луѓе, имате екипа. Но, за 15 члена од кои 15-тиот член е денот на објавување во Службен весник, зошто не го понудивте во јануари или февруари месец, не ми е јасно, туку се носи во очи на изборите. Ќе го донесете, не е тоа проблем и тука нема љутиш , имате мнозинство. Ние колку овде да лаеме, вие ќе си го донесете, во пракса ако не заживее ќе остане темен белег на вашата кариера, ако водите сметка за сопствената кариера, или притисоци од Владата на некоја владина седница, па морате да го понудите овде тоа што овде го нудите, а тоа е да не кажам едно, преблаго ќе се изразам, глупаво решание. При тоа и вие знаете дека не чини ова решение, јас сум убден. Но овде ќе излезете и нормално ќе го браните, што исто така е нормално да го браните затоа што сте министер. Во практика оваа работа никогаш нема да заживее.

Давате олеснителни околности на работодавачите, па се поставува прашањето, ќе имате по 3.000 денари месечно кои ќе се исплаќаат на два месеци, ќе им давате по 6.000 и тоа треба да биде мотивот, јас утре како работодавач, или вие , да примите некој од 57-58 години, да не кажам во залезот на сопствената кариера. Па ќе примам некого од 30 години, продуктивен, умен, кој знае да работи на компјутери, кој е во тек со настаните во светот. Понатаму, тие луѓе од 55-56 години треба да бараат преквалификација, или ако се има намера да го пратите некого да копа канали, тоа е друга работа, но тогаш треба да го прашате дали воопшто има физичка сила да ископа канал метар на метар. Бегате од некои решенија кои ние како опозиција ги нудиме, а зошто, не ми е јасно.

Донесовме Закон за стечај кој го гласавме сите, во контекст на овој закон. Ова е една материја, ова е едно семејство на закони, ако можам така да го крстам, една заедничка проблематика која

неможеме да ја одделиме. Носиме закон за стечај, Парламентот го изгласува, оди кај претседателот на државата и претседателот не го потпишува. При тоа, ни се пласираат вакви информации, еве ние сме пратеници, божем најинформирани во државата, а сме лук и вода , ништо не знаеме што се случува. Никој нас не не удостои овде да каже на пример колку стечајци има во Република Македонија.  Некој овде спомнување бројка од 4.500, па се качи на 7.300, па вие излеговте со бројка од 17.000 и повеќе, стечајци. Јас како пратеник ако  немам основни информации, ако некој не ми ги каже, вие како министер, некој ваш заменик , или некој кој е ополномошетн од вас да каже, чекајте луѓе, се работи за 17.000 стечајци, треба толку средства да се одвојат, има ли пари во буџетот, нема ли пари, од каде ќе се црпат. Ние немаме основни информации, па ајде трчај кај Бранко на состаноци, горе претседателот не го потпишува законот, молимте, сме ја утнале работата. Тоа е смешна работа. Народот ни се смее.

Тоа што го говорам не го говорам од маркетнишки аспект, го кажувам како сопствено видување. Колку тоа држи не е ваша оценка. Народот ќе оцени дали Флоровски говорел добро, лошо, лажел, манипулирал итн. Но, искрено да ви кажам многу тешко ми падна кога Бранко не го потпиша законот затоа што утре ќе имаме и стечајни пратеници, затао што многу пратеници овде присатни ќе ја имаме истата судбина како тие што се надвор. Кој тоа не го почуствувал не знае што е. Човек без работа се матка по скопските улици и бараш партнер да се напиеш едно кафе. Да, ќе имаме пратеници кои ќе останат на улица. И фала му на Бога имаме Уставен суд кој е од Госпот даден и ни ја реши судбината како што ни ја реши. Но, не е битно, ќе го пичитуваме како највисока инстанца.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски зборувајте за законот. Кажувате работи кои не се поврзани со законот.

**Александар Флоровски:** Како да не ги кажувам. Се нас не тангира, се тука нешто ни се случува, нешто се мати во државата, нешто смрди, нешто нечини. Ова е во контекст дека има, еден пратеник кажа-јас ќе бидам дикарен епископ. Ние ќе бидеме стечајни пратеници. Но голем е Госпот, што е пишано така ќе биде, не се бега од пишаното.

Значи кога сме веќе кај законот за стечај кој го понуди ВМРО-Народна, кој го гласавме сите заедно, да не кажам едногласно со консензус, немаме точни информации. Значи како држава не се функционира како што треба. Има ли евиденција колку се стечајци? Немавте таква евиденција. Тоа е страшно за системот на државата, не функционира како што треба.

По консултација со пратениците од СДСМ, божем поинформирани од мене и тие бледо ме гледаат мене, а јас бледо ги гледам нив, на прашањето кажете колку стечајци има. Никој не знае. Го понудивме како решение, непопулистичка мерка, да ги вдомиме овие луѓе, ако не повеќе да најдат еден душевен мир дека секој месец нешто ќе им капне, ако треба да купат брашно и да замесат леб, бидејќи парите кои ги добиваат неможат со нив да купуваат леб и сол да се прехранат, ќе мора да купуваат вреќи од 50-тина кила брашно и жените цел ден дома да месат.

Значи, во контекст на овој закон, министре дали вие имате направено анализа која ќе биде бројката, една груба бројка, колку луѓе ќе можат да бидат вдомени. Имате ли аналитички центар, ако не повеќе вашето Министерство во вашата Влада па на крај и во вашите политички партии, кое не е работа на политичка партија, работа е на Влада, со една груба анализа дда излезете овде и да кажете, господа пратеници јас како министер, според нашите анализи, владини, ресорски итн, сметаме дека овој закон ќе вроди со плод и сметаме дека процентот ќе се движи од толку до толку, од 15 до 20% на луѓето кои се над 55 години ќе најдат некои згрижување со тоа Што државата им дава некои олеснителни околности. Тоа се 3.000 денари по вработен, што незнам кој ќе се снајде на новото работно место, дали ќе го праќате некаде на преквалификација надвор од државата, ако се работи за некој посуптилна работа, или дома ќе го обучувате. Но, тоа не е битно, тоа е ваш птоблем кој треба вие да го решавате.

Стожер на овој закон е членот 3 кој не сакам да го читма, го имате сите пред вас. Буквално тој е носител на сите активности кои потоа следат во 14 членови.

Членот 4 е јасен и дециден. Она што не им беше јасно на моите колеги го разјаснивте, дека месечно е по 3.000 денари, но се сиплаќа на секои два месеци. Значи секој работодавач на 2 месеци ќе зема по 6.000 денари. Значи тука ја расчиствиме работата .

Членот 14, сметате дека оваа казна од 20-30.000 денари ќе биде продуктивна? Знаете ли кога ќе бидете успешни, ако тој што сака да го изигра законот го репнете толку здраво што утре нема да му текне да си игра пет камци, да манипулира со државата и државните институции. 20 до 30 илјади денари луѓе вака си ги  носат во џеб и дневно си ги  носат, не јас, или за толку пари се потпишува една сметка за ручек или вечера во добро друштво од министри, директори на јавни претпријатија итн. Мислам дека тука требаше некој и амандмански да реагира, но сметам дека вие како министер и Министерство требаше да одреди Драконски  мерки. Значи секогаш се успева да се најде дупка во законот и да се протне главата, при тоа на истите тие од кои бааме спас да не им фали влакно од главата. Можеби моите радикални ставови не се добри, но јас сметам дека човекот најдобро ќе осети ако го удрите по неговиот сопствен џеб. Значи еднаш ако го изгорите нема да  му текне по втор пат да си игра пет камци со луѓето кои треба да ги вработи и утре да им помогне. А што  мислите, западно европските држави така дојдоа до некоја благосостојба. Ако не се почитуваше законот се

знае што следуваше, или јузбир во Анадолија или во Лондонската Кула, најстара демократска држава Велика Британија. Не одиме до таму, не удрете го по џебот за да се стекне навика во државата. Луѓе, владее вистинска анархија, кој што сака си прави во државата. Секој си игра со судбината на обичниот македонски народ во кој и јас себе си се сметам. По некоја случајност денес сум тука утре можеби нема да бидам тука, но не е ни тоа битно, да се надевам дека ќе бидам овде на земја.

Значи, господинот министре, се бара едно решение, еве тука ќе привршам, бидејќи има доста пријавени од Новата социјалдемократска партија, господинот Анастасовски, да ти оставам и тебе простор, бидејќи уепа да ме победиш со гласовите на гимназијалците, значи општата квалилфикација е дека врз Македонија е извршена економска еутаназија, според моето видување. Економски колабс, што е неспорен. Кај и да се свртиш, тој постои. Со кого да разговарате, немате друга тема освен - човече, што е ова што се случува, дај овие веќе да си одат. Чекајќи спас од некој друг. Утре не знаеме што ќе се случува. Не знаеме.

Сметам дека визијата, визијата што треба да се носи треба да се фокусира на оваа проблематика, немате економски проблеми, автоматски деминирате политички проблеми. Едно со друго ви е врзано.

При тоа, уште еднаш ќе повторам младите кадри бегаат. Тука, зад мене имам еден професор на факултет, претпоставувам дека сеуште комуницира со студентите кои завршиле, да ви кажам дека огромен процент на тие луѓе сакаат да си одат од државата. Тоа е една страшна работа. Страшна работа што ние, како држава, како политички субјект, без разлика на политичката припадност или опција или етничката припадност треба да се стремиме тие луѓе да се задржат овде, во Република Македонија. Затоа што и нивните родители вложувале во нив, вложувала и македонската држава. А, ќе има корист некој трет, кој дебело ќе ги плати.

Имаме една страшна ситуација. При тоа, сигурно да не ги заборавaме луѓето кои се над 55 години. Нема инвестиции. ING ни бега, ни избегаа милион компании со големи имиња. Сега доаѓа Џонсон Контролс, денеска ли се дојдени, не знам, треба да напрвите дека се да ги задржите тие луѓе. Ако не доаѓаат про-форма. Ако влезат во игра, ќе биде добро за македонската држава.

Морате да им направите максимални отстапки, олеснителни околности еден таков гигант да влезе, да раководи со слободните царински зони. Јас не знам, верувајте, зошто тие луѓе бегаат? До даден момент се е во ред, течат преговорите, се случува нешто, дава некоја надеж, но одеднаш се јавуваат - нема преговори, се повлекуваме.

(Претседателот го предупредува да се држи до законот.)

Се е во функција, претседателе, на законот. Сето ова е економија. Сето ова нас не тангира. Сите не погодува. Не сакам утре и моето дете да си оди од државата. Затоа што сите ние живееме за своите деца, сите ние сме една големо заедничко семејство. Државата е едно големо заедничко семејство што треба заеднички да го градиме.

Тука, министре, за да не одземам време, веројатно дека ќе се јават и други, јас би предложил друго, почекајте сите нека проговорат, сублимирајте, кажете, тоа е најдобар пример на комуникација со нас. При тоа, не давајте политички квалификации, затоа што ние пратениците сме тие кои треба да даваат политичка квалификација. Ако утре бидете пратеник, вие ќе ја имате таа привилегија да комуницирате вака со министрите. Давајте аргументирани одговори на сето ова што ве прашавме, на сето ова што е констатирано како проблематична раборта.

И на крајот, да завршам, не можам да се оттргнам од впечатокот дека ова, не само што е популистички, ова е во функција на предизборната кампања. Но, многу доцна. Не знаевте времето да го темпирате. Овие работи се правеа во јануари, февруари, март, најдоцна. Денеска сме мај. На 5 јули имаме избори. Еве, јас да не го сфатам ова како такво, оној кој не гледа и не следи и кој малку има познавања од ова што денеска е пласирано, иако грото од нас говореа политички, не со јазикот на економијата, затоа што не можеме сите да бидеме економисти и познавачи на материјата, но овие 14 членови, односно 15, можеме да ги прочитаме, јасни се, убаво напишани на разбирлив македонски јазик, без посебни латинизми што имате обичај да ги уфрлувате не само вие, разно-разни министерства, така што сето ова е разбирливо.

Сметам дека овој закон, не само што нема да заживее, ќе го усвоите, нема да даде никакви резултати. Доцните. Возот ви избега. Се плашам дека возот кој оди на 5 јули 2006 година е веќе далеку пред вас. Колку и да трчате не можете да го стигнете. Некој друг предвреме се качил на тој воз, според она што може да се види во македонската јавост, според она што можеме да го прочитаме, иако могу работи се фингирани таму. Кој плати тој добива добри резултати, тоа е јасно. За жал. Секогаш водржавава работите ни се движеле така. Кој платил имал се, кој не може да плати нема ништо. Паднати сме тотално на ниски гранки. И, да ви кажам искрено, вака понекогаш ме фаќа скептицизам и размислувам што утре ќе се случи со оваа македонска држава што 1990 година се правеше макотрпно од сите политички субјекти. Иако некој тогаш патеше за Југослвија, но тоа е едно минато време. Сега живееме, фала му на бога во македонска држава, но во една економска катастрофа, што ја продуциравте, господо вие, владеачката гарнитура. Ние, за тоа бевме казнети. Одговорноста е кај вас. Топката ја имавте не успеавте добро да ја изиграте. Сега ќе го платите цехот на вашето, да не кажам, неквалитетно или пак незнаење.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине министре сакате да земете збор на крај или сакате сега?

(Министерот, господинот Стевчо Јакимовски сака да зборува сега).

Сакате реплика или сакате збор. Тоа ве прашувам.

**Стевчо Јакимовски:** Би сакал да ве замолам за подолга реплика. . .

**Љупчо Јордановски:** Нема подолга реплика. Можете да го браните законот. Ако сакате реплика, три минути, но ако имате збор ќе го браните законот.

Овде има пратеници од позицијата, од коалицијата на власт кои можат да реплицираат од политички аспект.

**Стевчо Јакимовски:** Не од политички аспект. Ако пратеникот во својата дискусија постави 30 прашања, како можам јас за три минути да одговорам, кажете ми?

**Љупчо Јордановски:** Сакате да одговорите?

Повелете, тогаш одговорете.

Повелете, одговорете на прашањата.

**Стевчо Јакимовски:** Прво, зошто без воведно излагање? Кога законите се гледаат на комисии, воопшто нема интерес. Сметаме дека се е јасно.

Второ, зошто не сме предложиле Драконски мерки и Драконски казни, туку е ова многу блага казна. Зошто пратениците или почитуваниот пратеник нема амандман што јас би го прифатил за Драконската казна? Барем со задоволство, сте виделе дека прифаќам амандмани на пратеници.

Следното, дека законот е популистички и дека тој нема да даде резултат, се компарира со бранковиот закон дека нема резултати итн. Ние не можеме да зборуваме популистички, тие се законите што се предлагаат ад-хок, што се предлагаат да се вдомат итн., без никаква селекција, сите граѓани.

За ваша информација морам да ви одговорам, за првиот бранков закон, вработени се вкупно 41.577 лица. Од нив, денеска, сеуште, ова е официјална бројка 19.236 лица се наоѓаат на работа по завршувањето на тој закон. Вториот бранков закон, според кој се вработија вкупно 15.308 лица сеуште до ден денеска работат 9.978 работници. Тоа се наши официјални податоци. Тоа значи дека политички се дискутира, без да се има предвид резултатите постигнати од таквите закони.

Потоа, не е точно дека Министерството за труд и социјална политика, дека со вака предложениот закон не знае колку лица ќе бидат опфатени. Не е точно дека не знаеме кои бројки ги даваме. Вие, почитуван пратеник ги мешате поимите. Зборувате само од името на стечајците. Овој закон е и за стечајци и за технолошки вишоци. Значи, не е само за една категгрија на граѓани, затоа што и едната и другата имаат стомаци. И едната и другата имаат семејства. И едната и другата се во ситуација во каква што се.

Јас, како министер, морам да водам сметка за сите. Овде сум предложил решение за двете категории на граѓани и над 54 години и на 3864 лица. Почитуван претседателе, јас сум должен да ја соопштам бројката бидејќи напомнуваат дека не сме знаеле кои се тие бројки.

(Дофрлање од место).

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам министре.

Ја молам опозицијата да биде тивка и мирна. Имате право на реплика. Никој вас не ве прекинуваше.

(Дофрлање од место)

Никој вас не ве прекинуваше, ниту пратениците од парламентарното мнозинство, ниту министерот. Слушам дофрлување од таму.

(Дофрлање од место)

Ве молам. Не е ова реплика, ова се одговори на поставените прашања. Според тоа, ве молам да бидеме коректини. Ако бараме коректност, тогаш треба и ние да бидеме коректни.

(Дофрлање од место)

Ве молам, престанете од место да дофрлате.

Ова е збор, а вие имате право на три минути реплика. Веројато научивме за овие четири години.

(Дофрлање од место)

Повелете господине министре.

**Стевчо Јакимовски:** Значи, зборуваме за активни и пасивни мерки.

Овој закон влегува во рамките на активните мерки што се познати и во други земји, што е јасно дека мора да се водат одредени политики за да се стимулира вработувањето. Тие политики мора да бидат преточени во законски решенија, во закон.

Ме обвинивте дека овој закон сум го менувал неколку пати. Ова е нов закон што го предлагаме. Овој закон не е изменет. Вие го мешате со Законот за осигурување во случај на невработеност. Ова е Предлог на закон за поттикнување на вработувањето. Се работи за различен закон.

Исто така, ме обвинувате дека се иселувале млади луѓе итн. Морам да ви одговорам дека во бивша Југославија, најмногу луѓе се иселија од 1968 до 1980 година, кога таа држава живееше да не речам во некоја благосостојба, кога имаше целосна афирмација и на економски и на културен и на меѓународен план, така што од сите земји во континуитет има флуктуација на работната сила.

Исто така рековте дека бегаат инвеститорите. За Џонсон контрол ве држам за збор. Рековте дека мора да сториме се како Влада за да го задржиме Џонсон контрол. Вие ќе знаете што се Владата ќе стори и ќе понуди за да Џонсон контрол остане во Република Македонија Но, ќе видиме потоа дали вие и вашата политичка партија ќе вршите напади на една таква поддршка за стимулирање на вработувањето.

Следната работа што  морам да ја кажам е дека имаме целосна анализа, дека не е точно, Вие

може мене да не ме почитувате како министер, но сепак мора да ги почитувате службите, мора да го почитувате тоа што тие работат. Тие се по должност мои советници кои даваат совети, аргументи итн. Јас, нормално и целата јавност, веројатно и Парламентот треба да ги респектираат, што исто и јас ги респектирам и, според тие анализи што се направени, за оваа година, вработувањата што се остварени во Република Македонија, некаде почнуваме од 18 години вработување па наваму, на 18 годишна возраст се вработиле само 29 лица. За да, на пример, на 38 годишна возраст се вработиле 507, на 39 годишна се вработиле 526, за да на 56 годишна возраст се вработат само 44.

Значи, од 55 години наваму имаме драстичен пад на вработувањето. Тоа е факт. Затоа не ме обвинувајте дека немаме аналитички центри, не читаме борјки инт. Тоа апсоллутно не е точно.

Прашање е дали вие прашувате и дали слушате тоа што зборуваме и дали сакате да го почитуваме тоа што го имаме како официјален податок и како анализа од Министерството за труд и социјална политика.

Значи, 156 годишна возраст се вработиле 44 лица. Со 57 годишна возраст 16 лица. 58 годишна возраст 18 лица. 59 годишна возраст 16 лица, 60 годишна возраст 8 лица, 61 годишна 9 лица, 62 години 6 лица се вработени и на 63 години 7 лица. Значи, се вработуваат. И од оваа старосна граница на пример, како што велите на 50 години, тогаш се вработиле 310 лица. Но, на 40 години се вработиле исто толку колку што се враобтиле на пример, на 22 години.

Со Законот што Претседателот одби да го потпише, таму имаше одредби да пензионираме лица со 40 години. Затоа што имаат над 25 години стаж. Ќе се согласите и вие и сите дека ние не можеме 22 години порано некого да пензионираме и дека тоа не е добро решение. Или пак на 41 година има исто вработени како лица кои се на 24 години. Што значи дека драстично бројката на невработеност односно на неможност за вработување и на помалку вработување паќа на 55 години.

Ние направивме некој компромис. Ставивме 54 години за да се опфати што е можно поголем број. Повторувам, не само стечајни работници, туку и технолошки вишоци и дека мерката е апсолутно исправна, за да се поттикне, за да имаат интерес работодавачите, да земаат и од оваа категорија на граѓани, затоа што е факт дека постарата категорија на граѓани потешко наоѓаат работа.

Илузорно е да тврдиме дека сите овие постари работници, дека работните места што се отвораат се отвораат само за манеќенки или се отвораат само за работници кои работат на норма или пак само за работници кои треба да трчаат 100 метри за 10 секунди. Се отвораат разни работни места.

И никаде не сакате да го спомнето факторот искуство. Дали на некој работодавач за некое работно место му е потребен искусен работник? Нашите анализи покажуваат дека имаме 3500 лица над 3500 лица пензионери кои се работно ангажирани. Затоа предлагаме, ќе видите во наредните точки, имаме закон токму околу тоа прашање да го решаваме. Од анализите што ги имаме направено и што сме фатиле некаде преку 1500 само во Скопје лица, градежни работници кои работат на црно, во градежните фирми, преку 70% се лица постари од 60 години. Што тоа кажува?

Повторувам, а факторот искуство? Дали вие ќе земете градежен работник на 18 години да ви ја прави куќата или ќе земете на 50-60 години кој има огромно искуство? Зошто ги потценуваме сите тие работници со нивните искуства, со нивните квалификации итн. итн.

Решението за луѓето не е да им се даде некој денар и да седат дома. Решението е да бидат работно ангажирани, да бидат исполнети, да се чувствуваат вредни итн. инт.  Да, да во исто време им се уплаќаат придонеси за пензиско и инвалидско, па денот кога ќе дојде да одат во пензија да имаат поголема пензија, а не сите овие да добијат минимална пензија од 4000 денари. Тоа не е решение за нивните семејства. Ние треба да сториме се за да ги поддржиме.

Факт е дека во Република Македонија е тешко да се најде работа за сите. И за оној на 19 години и на 40 години. За сите е тешко. Не треба да бегаме од тој факт. Затоа, од анализите што сме ги направиле го предлагаме ова решение за да го стимулираме вработувањето, повеќе вработувања од оваа категорија граѓани.

Сега се поставува прашање, зошто да го плаќаат здравството? Ако го елиминиравме здравството, во тој случај ние ќе ги третиравме како инвалиди овие лица. Затоа што вработувањето од посебниот фонд за инвалиди, таму не се плаќаат никакви обврски. Сепак, овие лица не се инвалиди. Не се со пречки во развојот. За тоа оставаме обврска на работодавачот да го плати здравственото осигурување. И персоналниот данок не го плаќа, бидејќи со постојната мерка, секое лице кое чека повеќе од една година во Агенцијата за вработување работодавачот има право кој ќе го вработи да биде три години ослободен од плаќање на персонален данок. Плус оваа мерка од 3000 денари месечно што ја добива за плаќање на пензиско и инвалидско осигурување, значи дека работодавачот се ослободува од две давачки, со тоа што задржува обврска да плаќа само здравствено осигурување. За здравственото осигурување респектите се некаде 1200-1300 денари. Останува тоа да го исплати на работникот и нето плата.

Разбираме дека има работници што нема да најдат работа. Разбираме дека има краеви што, иако е мерката, многу малку ќе даде резултати. Затоа го сменивме законот, односно Правилникот за еднократна помош според што сите оние граѓани кои се стечајни работници со над 25 години работно искуство, а имаат месечни примања под 6300 денари, имаат право на еднократна парична помош во зависност од тоа

колкаво е семејството и други фактори. Имаат деца на школување, немаат, итн. итн., имаат каде да домуваат, немаат каде да домуваат.

Овие прашања треба да ги разрешува социјалната политика. Ги префрламе во тој дел. Зошто? Затоа што последниот систем на социјална заштита треба да утврди дали има каде да домува, колкав е неговиот имот, дали има возило, далли има земјиште дали има катастарски приход, дали има приходи по друг основ, дали му доаѓаат приходи од странство итн. За овие лица ништо од ова нема да се утврдува. Само, дали има приход понизок од 6300 денари.

Сме направиле позитивна дискриминација во интерес на стечајните работници за кои ние зборуваме. Овие кои не можат да се снајдат, ако некој немал решение имал социјална помош, покрај социјалната помош му даваме задолжително и еднократна помош за да може на своето семејство да му обезбеди каква таква егзистенција.

Втората работа, покрај оваа еднократна помош која ја даваме, тие лица имаат и на редовната еднократна помош во случај да има болен член од семејството треба да плати лекување, ако има хроничен болен на кој му требаат лекарства, ако има дете на школување, ние и сега интервенираме. Завчера беше еден човек кој има две деца со тешка асма, нормално му одобруваме средства за купување на вентолин и други средства и нему постојано му ускокнуваме со еднократна помош, но ова, покрај во овој систем што сме ги ставиле и од постоечката еднократна помош тие лица можат да црпат. Ова не исклучува дека на одредени лица им работат сопруги, деца, снаи, живеат во едно семејство, тоа прашање иако има вработен член од семејството, меѓутоа ниска плата, ние ускокнуваме со ова решение.

Ве молам, како можеме да речеме некому ќе дадеме 100 евра кога вработен во оранжерии зема 5000 денари. Дали е правилно тоа? Како можеме да речеме ќе дадеме некому 6000 денари кога градежните работници, најголем дел од нив, земаат 6000. Од каде ќе ги земеме тие пари? Од градежните работници, од земјоделците, од текстилците. Оваа држава сепак нема високодоходовни дејности кои носат огромни профити дали тоа се резерви на нафта како резултат на порастот на нафтата на светската берза, сателити во орбитата, НАСА програми, сепак најголем дел имаме преработувачка индустрија, металургија, земјоделие, ниско акумулативни гранки, сето ова мораме да го ставиме на товар на останатите граѓани во Република Македонија.

Почитувани пратеници, како можеме да прифатиме решение во кое од 274 илјади пензионери ќе скокнеме на 391 илјада, а во јануари зеле плата 310 илјади. На грбот на тие 310 илјади живееме и вие и јас во администрацијата тоа е 73 илјади вклучувајќи не и нас овде, па живеат уште 67 илјади социјални случаеви, па корисници на постојана парична помош, нега на трето лице, борци, деца, образование, здравство, култура, сето тоа е невозможно системот да го издржи.

Затоа мораме да даваме поддршка на активни мерки, на отворање на нови работни места нормално, ова се рецидиви од водење на економска политика која наназад 50 години, камо среќа да е рецидив на водење на политика на претходните 4 или овие 3,5 години, туку структурата на стопанството во Република Македонија е апсолутно лоша. Таа е во делот на ниско акумулативни гранки, во делот на производство на базна индустрија и во делот на индустрии кои се полуфабрикати или суровини за други индустрии кои остваруваат многу повисоки вредности.

Како резултат на тоа нормално дека Република Македонија се грчи во една ваква тешка ситуација и ако на сето тоа ги зголемуваме социјалните трансфери, ако за сето тоа уште повеќе ставаме тегоби на стопанството, нема теоретска шанса на долг рок да издржиме.

Затоа јас како министер сум должен да водам сметка за сите граѓани во оваа држава. Едно е кога играат натпревар нормално играат 22 лица, но погрешно е сите да трчат по топката, има играчи кои без топка треба да се распоредат. Во оваа ситуација топката е кај стечајците и сите трчаме таму. Поставувам отворено прашање, што со оние лица кои имаат 10, 11, 12, 13, 14 години, работеле во земјоделски задруги, пропаднале задругите и за 1, 2, 3, 5 години човекот не може да земе пензија. Што со нив? Такви имаме преку 5 илјади. Што со оние лица стечајни работници на кои не им се платени придонесите последните 7, 5, 4, 3 години, што со тие лица? Дел од тие лица иако имаат 27, 28 години стаж заради тоа што не им се платени придонесите не можат да влезат во оваа категорија за која дискутираме, тие се онеправдани. Тоа е втора категорија граѓани кои треба да се разрешуваат, не е само оваа категорија на граѓани.

Следна работа, имаме фирми кои се рецидиви од фирмите на Смиленски. Тоа се 40 фирми. Направени се работи спротивни на Законот за ПИО, претворени се побарувањата на Фондот за ПИО во акции, што не е дозволиво и со тоа што се претворени во акции кажано е Фондот си ги измирил своите обврски иако Фондот, согласно Законот реагирал, нормално не се согласил, нема законски основ, тие работници си бараат да им се платат придонесите, бидејќи наводно Фондот ги покрил. Фондот по закон работи само врз основа на уплатени средства. Тоа се преку 40 фирми, едни од нив се вработените од Снитекс, тоа прашање треба да се реши, господине Флоровски.

Следното прашање, стечајните работници кои имале намалена работна способност и кои биле ангажирани по 4 часа, останатите 4 часа ги плаќал Фондот за ПИО. Кога отишла фирмата во ликвидација сите овие права работниците ги изгубиле. Ниту некој им дава надомест, ниту

фирмата постои. Со Законот што ви го предлагам, што подоцна ќе дојде на разгледување, тоа се измените и дополнувањата на Законот за пензиско и инвалидско осигурување ја ставаме таа категорија на граѓани да може да добие паричен надоместок од Фондот на ПИО, тој надоместок не паѓа од небо, за него треба пари. 167 милиони денари се буџетски ефекти и ние како Министерство можеме да решаваме проблем по проблем, чекор по чекор, но никако не можеме да решиме работи под притисок со ад хок решенија, неселективно да решиме проблеми на лица кои имаат 40 години.

Еве, да се послужам со политички речник, не мислам дека ја злоупотребувам говорницата, во предизборието да се обидуваме врз грбот на тие луѓе да играме со нивните емоции обидувајќи се некој да изгуби поени или некој да добие поени. Јас како министер сум должен да укажам на сите реперкусии што ќе ги има таков закон. Должен сум да укажам дека не се во прашање само стечајните работници, туку технолошкиот вишок, не се во прашање само оваа категорија на граѓани кои имаат над 25 години, поставувам прашање што правиме со тој што има 24 години стаж, 11 месеци и 29 дена. Што со нив? Што, како што ви кажав претходно, лица имаат веќе 30 години, но последните 7 години не му е платен стажот. Тие го немаат тоа право. Што со решение што сме го имале во минатото донесени под сличен ваков притисок и што сме им овозможиле некому до 2024 година да користи право некои по 25, 30, 46 илјади денари да зема плата, а придонесите да му се плаќаат на дупла сума и да биде на товар на овие наши фондови 29 години ако се има во предвид дека пензијата во просек се троши 14 години, можете да замислите 43 години на товар на државата. Ве молам, кажете ми која е таа држава во светот што одредена категорија на граѓани може да ги издржи на свој терет. Гледате во Англија одат на предвремени избори, во Германија, во Америка се менува здравствениот систем, пензискито систем затоа што и такви системи кои ги имаат евидентно не можат да издржат, мора да се корегираат. Ние во еден временски период имавме многу поголеми права, стопанството, имајќи го предвид пазарот што го имаше бивша Југославија можеше да издржи еден таков напор, една таква торзија во делот на социјалата.

Меѓутоа, да ви кажам една работа, ние мора да преземамаме мерки со кој луѓето ќе ги натераме сами да бараат работа. Отворивме конкурс за 1000 лица на кои ќе им плаќаме месечно по 7.900 денари, со платени придонеси, даноци, се комплет, објавивме два конкурси едвај собравме 750 лица. Тие лица нема да кршат камења, нема да работат подводни работи, туку јавни работи кои се нормално чистење, одржување, што не сметаме дека се тешки. Ве молам, каков е односот на поединци кои бараат работа евентуално ако им се обезбеди или ако им се понуди работа.

Секогаш кога ќе упатиме лице-технолошки вишок, имаме право и оние кои се трудови инвалиди, што земаат инвалидска пензија, со преостаната работна способност да го понудиме на работодавачот затоа што по Законот имаме право да дадеме 20 негови примања и да го ослободиме работодавачот од плаќање на придонеси, страшни притисоци, лекарски уверенија дека не можат да работат, дека не се во состојба, без разлика што од Фондот за ПИО зема 4 или 5 илјади, а ако оди на работа ќе зема 10 - 12 илјади денари. Таква состојба на пасивност понатаму не можеме да дозволиме. Едно е прашањето што велите што луѓето мислат за мене, јасно е дека ми е битно што мислат, но исто така е многу битно јас како министер да морам да укажам на сите последици од носење на секој закон и морам да водам сметка за сите категории на граѓани. Никој овде не се прашува колку даваме за лица со посебни потреби. 3.200 денари месечно за лица со најтешки пречки, за церебралци, минатиот пат ви кажав дека само 38 мајки имаме во државата што се вработени, а имаат лица со умерени, тешки и најтешки пречки во развојот. Тоа ли е добра држав? Овие семејства се осудени на казна што задолжително еден член од семејството не работи. Ние не можеме само да носиме решение и даваме бенефиции во континуитет само на оние кои ни вршат притисок, а во конкретнив случај тоа се стечајните работници, технолошки вишок и Минситерството за труд и социјална политика се претвора само во Минситерство за труд и води сметка само за оние што имаат право по основ на трудот. Се поставува прашањето што со невработените, што со оние што чекаат 15 години во Агенцијата за вработување што немаат ни ден стаж, дали и тие не треба да имаат некакви права. Дали не треба да имаат некаков паричен надоместок? Затоа сметаме дека мораме да имаме решенија кои се и поселективни, затоа е социјалната политика да помогне на оној што навистина има проблеми и затоа се подршките да помогнеме таму каде се смета дека е постар работник, можеби е понепродуктивен, но со ваква стимулација да го дигнеме на нивото на работник кој е во полна работна форма. Се останато што предлагаме се ад хок решенија. Кажете ми земја во регионот, ве молам, која е таа земја во регионот која има решение како вие предлагате. Кажете ми која е таа земја. Хрватск апдоржува лица 5 години до пензионирање, Македонија исто, Романија 3 години пред пензионирање, сите останати земји една или максимум две години ако изгуби работа една до две години е покриен без разлика на староста. Ние и Хрватска имаме најсилна подршка на постарата категорија на граѓани кои ги имаме во регионот.

Како можеме да донесуваме закони кои ги нема никој во регионот и како сметаме дека така ќе одиме натаму напред ако нонстоп носиме закони кои се спротивни на европските политики, спротивни со политиките на ММФ и Светската банка и спротивни на регионалните политики, автоматски ние наметите на Буџетот на

стопанството и натаму ќе треба да ги држиме или високо или да ги зголемуваме. Ние мораме како одговорни субјекти да водиме грижа и да имаме планови кои понатаму ќе се однесвуаат на среден и на долг рок.

Од тие причини овде сме предложиле решение кое сметаме дека ќе има резултати. Не е точно дека е пред избори, почитуван пратеник. Истото решение им го понудивме во август минатата година. Разговаравме дека ќе даваме подршка и стимулации на постарата категорија граѓани, тие го одбиваат во континуитет. Тие одбиваат и еднократна помош, не ви ги сакаме тие пари и т.н. Ви се молам, кои се тие граѓани што одбиваат да добијат подршка од граѓаните. Велите колку пари? Ова ќе чини 70 милиони денари на годишно ниво. Меѓутоа, ако се 17 илјади, тогаш чини милијарда ипол. Толку е целиот Буџет на Министерството за надворешни работи, целиот Буџет на Минситерството за економија и целиот Буџет на Министерството за екологија или милијарда и 650 е цела социјална помош во Република Македонија. Сите ние треба да се залагаме да направиме измени во социјалната помош.

Уште една работа и ќе завршам господине претседателе. Ни една земја не дава детски додаток на лица кои се вработени. Кај нас социјалната заштита кажува дека ние даваме детски додаток на лица кои се во работен однос. Тоа е условот да земете детски додаток. Што со тие што немаат детски додаток, дали има логика, дали треба тоа да го промениме. Но, за сите овие наши зафати што ги правиме ни требаат измени.

На крај уште една компарација Србија има 50 илјади социјални случаеви, а ние имаме 65 илјади. Србија има 79 илјади технолошки вишок и стечајци, а ние во моментот имаме 35 илјади, земја која 4 до 5 пати е поголема од Република Македонија и затоа сакам да кажам дека ние во наредниот временски период треба да направиме сериозни поместувања во делот на социјалната заштита. Има категории на кои навистина треба да им дадеме многу повеќе, но во исто време мора таа социјална заштита да го почитува начелото на социјална правда и мора да добива социјална подршка само оној што е социјално загрозен, неспособен за работа затоа што секојдневно се соочуваме со лица кои ќе дојдат во Минситерството и во центрите за социјални работи, доаѓа, влегува и се враќа назад не знае зошто влегол. Тоа се лица шизофреничари, со пречки во развојот, зато аимаме многу тешки случаеви кои ниту се способни за работа ниту имаат каде да домуваат, а и за нив и за сите други е иста социјалната помош, да не речам 1500 денари или 2 илајди денари, тоа е една обична мизерија за која сите ние треба да се бориме да ја поправиме и сметам дека е некоректно да сакаме да даваме подршка без да имаме селективност, без да утврдиме дали некој во семејството има вработен, колкави се неговите приходи, мислам дека не е во ред некој да има 40 години, да има 2 - 3 члена вработени во семејството и да ја користи оваа ситуација ако може да добие евентуално уште една бенефиција од 6 илјади денари и сите ние да бидеме задоволни.

Можеби вас ве среќаваат, почитуван пратеник, лица кои нормално даваат подршка на таа работа, меѓутоа, мене исто така ме среќаваат лица кои велат дека сме на прав пат, дека треба нешто да се промени и сметам како министер не можете, барем во тој дел да ми забележите дека не сум бил активен, дека не сум предлагал законски измени за разлика од времето кога Република Македонија имала минситер кој за 4 години предложил само измени и дополнувања на еден закон и тоа е токму овој закон со кој работниците имале право на згрижување до пензионирање, без разлика на години на старост. Значи, секој работник над 25 години стаж имал право да биде згрижен до пензионирање или повторно вработување и тој минситер тогаш го сменил само тој закон и ништо повеќе.

Министерот Стевчо Јакимовски мислам дека имаше предложено многу решенија со кои се зголемија правата на работниците за разлика од министри кои не унапредија ниту едно право на работниците, туку напротив со тоа само им ускратија одредени права и затоа сметам дека максимално, коректно треба да разговараме, без разлика дали во даден момент се наоѓаме во позиција или опозиција затоа што проблемите се исти. Како што велам имаме уште многу категории на граѓани кои треба да ги решаваме и треба да бидеме максимално внимателни и коректни спрема сите граѓани на Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине министре.

Повелете господине Флоровски три минути реплика.

**Александар Флоровси:** Министре, сето она што ве мачи еве имавте шанса овде да го кажете пред нас. Претпоставувам дека ви е многу тешко што го говорите, дали оваа работа што ја кажавте денеска во 25 - 6 минути ја презентиравте пред Владата? Дали во таа иста Влада за проблемите за кои денеска говориме и јас ги поставив како прашања и чекав одговори, мојата интенција не беше политички настап, туку едно искрено видување на она што е вистински проблем. Дали за оваа проблематика која ја набројавте со бројки има слух во Владата во која седите?

Дали прашањата ги поставувате за категорија на луѓе кои не се опфатени по ни еден закон. Самите се прашувате што со нив. Одговорот треба вие да го дадете како министер и Владата во која сте. Но, се прашувам дали имате подршка во таа иста Влада или некој ви подметна клипови. Вие сте колективен орган, колективно тело кое треба да ги решава проблемите од економска и политичка сфера.

Дали имате добра соработка во самата Влада или некој цело време ви поставува клипови? Зошто спомнав популистички? Од едноставна причина,

се носи, 30, 40 дена пред избори. Како поинаку да ве сватам. Зошто не сум реагирал амандмански. Вие подобро знаете дека секој оној што ќе го удрите по џеб тешко втор пат ќе се обиде да манипулира со државата, зарем тоа не го знаевте? Ви беше потребен мојот амандман? Вие се движите во градот, вие сте од Скопје, знаете што се случува, не сте затворени во стаклено ѕвоно па да не знаете што се случува во државата. Ќе можете сами да го направите тоа, а не да барате амандмански некој да реагира, дали сум јас или некој друг пратеник.

Бранковите закони 1 и 2, тие бројки за кои зборувате прв пат во животот ги слушам. Дали е така или не, не сакам да спорам, не сакам да спорам со бројки затоа што како Министерство ги имате на увид се што се случува во државата. Дали притоа манипулирате со мене прикажувајќи вакви бројки кои држат или не држат вода, не знам, сакам да верувам дека говорите искрено, а можеда манипулирате, затоа што таков увид јас немам.

Казните треба да бидат законски, апсолутно, од причината која што ти ја спомнав и за која верувам дека имам согласност и кај вас. Јас попатно во целото мое излагање говорев дека, за жал, иднината на македонската држава треба да ја носи на сопствените плеќи и си оди, јас не ве обвинив вас, обвинив една целокупна политика која се води наназад долг период. За Џонсон контролс ќе завршам, треба да направите се, да имате поддршка, но притоа да не заборавите на интересот на македонската држава,а тоа е максимален број на вработени и почитување на она што значат наши законски акти, да не се поведуваат она што го работат надвор. Бројката над 55 години, ако е таа што ја кажувате, тоа е навистина трагедија. Ако се работи за 2006 година за вработени од стотина луѓе, тоа е страшно за македонската држава. Не е страшно за вас како Влада, страшно е за Македонија како држава. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски се повторувате повеќе пати.

**Александар Флоровски:** Па, вие не говорите и затоа не се повторувате. Човечки е некогаш и да се повториме, за да некој ја сфати пораката која ја изведувам, затоа и повторувам. Знам дека повторувам, но тоа го правам за да испратам порака на некого.

**Љупчо Јордановски:** Има звучен сигнал за тоа.

Една минута господине министре.

**Стевчо Јакимовски:** Дали како министер имам поддршка и дали ова сум го истакнал во Владата, ќе кажам дека на 7 јули е говорено за сите овие проблеми на тематска седница за социјалната политика. Морам да ве информирам како резултат на таа седница, значи на наредниот закон што доаѓа за пензиско и инвалидско осигурување се вклучени трудовите инвалиди и тој буџетски ефект е 160 милиони денари. Следната работа, со законот за социјална заштита ги сменивме сите оние лица кои што користат нега од трето лице, а кои што се со пониски примања добиваат 20% повеќе. Исто така, со тој закон сите лица кои што користат постојана парична помош, претходно беше да имаат примања месечни по член на семејство 20% зголемивме на 25%, што значи нови некаде 300 лица на ниво на цела држава вклучивме на тој начин. Сега, со овие измени што ги правиме за стечајците и технолошките вишоци, кои што буџетски ефект се некаде околу 160 милиони денари, што значи ние чекор по чекор сите тие работи имаат буџетски ефект, ако се има предвид дека транзиционите трошоци во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за реформата ќе изнесуваат некаде над милијарда ипол денари. Значи, ние мораме да се движиме во рамките на она што можеме и чекор по чекор на одредена категорија на граѓани да им ја подобруваме нивната состојба и да решаваме одредена категорија на граѓани. Тоа е можноста на оваа држава, надвор од тие рамки јас како министер друго не можам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине министре.

Зошто сме сите толку екстензивни, имате саат, имате штоперица, имате сигнал, зошто се димензионирате.

Дали на вас господине пратеник ви е доволно шест минути?

Повелете.

**Иван Анастасовски:** Доволно, почитуван претседателе.

Господине министре, колеги пратеници кои што сте овде во салата, имам сосема доволно време за да можам и јас да поставам некои дилеми и министерот најверојатно ќе му оставам време и тој да одговори. Бидејќи во излагањето по повод одговорите што ги имаше на колегата Флоровски, министерот кажа некои дилеми кои беа и кај мене. Јас искрено сакам да дадам поддршка на овој закон, ако со тоа би се решиле проблемите на оваа категорија граѓани кои што вие ги рековте и стечајните работници и технолошкиот вишок. Меѓутоа, можеби не сум убеден дека ако се донесе едно вакво инстант решение кое треба да важи од 1 јули 2006 до 1 јули 2008 година во целост ќе бидат решени проблемите на оваа категорија на луѓе.

Меѓутоа, она за што ме прозва колегата Есад Рахиќ, кој не е тука и рече, Иван што имаш ти проблем да зборуваш по однос на оваа тема, искрено не би сакал да се замарам со една ваква тема, но според сите бројки кои беа во јавноста Општина Куманово оперира со некоја бројка од 17 илјади, што технолошки вишок, што трудови инвалиди, што стечајни работници, кое е навистина сериозно прашање и Општината Куманово навистина има сериозен проблем. Токму од тој аспект овде излегов и сакам вака да го гледам министерот и да дебатираме по однос на таа тема и да знам дека со притискањето на зеленото копче навистина ќе почнат сериозно да се решаваат проблемите на оваа категорија на

граѓани. Она што вие го рековте дека топката е кај еден од играчите, нормално во овој момент топката не е кај мене, топката е кај вас и јас затоа барам некои дополнителни информации, кои реално само вие можете да ги имате и тука сте најкомпетентни, бидејќи го предводите тоа Министерство и сосема е исправно од моја страна да побарам да ми дадете дел од тие информации.

Но, сега да размислувам по однос на решението 2 и 3 од членот кој се нуди дека како работодавач, да се ставам во улога на работодавач и да претпоставам дека луѓето кои ќе ги земам со над 54 годишна возраст и 25 години работен стаж ќе имам некоја корист. Говорам како работодавач. Дали вие сте убедени, искрено министре, дека работодавачите во Република Македонија ќе сакаат да ја земат оваа категорија на граѓани да работат, еве да речеме во производството и она што ќе го добијат од државата на период од 60 дена по 3000 денари, дали тој бенефит од една страна нема да им значи да им трпи производството. Зашто, ако земе работник со над 54 години, 55, 56 или 57 годишна возраст, сакам да ми одговорите на ова прашање бидејќи вие можете тоа да го направите од една страна. Затоа, размислувам во улога на работодавач. Пак говорам, сакам две дилеми да бидам на чисто кога ќе го притистам зеленото копче и ќе дадам виза за овој закон.

Од друга страна, бидејќи ги имате информациите дали нема можност на некој начин работодавачите тоа да го злоупотребат овој закон и врз основа на она што значи група граѓани, стечајни работници и технолошки вишок прикажуваат и прават одредена бенефит само за себе како работодавач. Дали нема некоја можност работодавачите ова да го злоупотребат и на грбот на стечајните работници и технолошки вишок да направат бенефит само за себе. На тоа прашање би сакал да ми одговорите и еве ќе ви оставам доволно простор да ми одговорите, а потоа ќе ја кажам својата одлука. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине министре, изволте, повелете, по втор пат одговорете, бидејќи од експозето од половина час претходно ваше, сите тие одговори беа дадени и со бројки и со стручност и со искуство, повелете уште еднаш тоа повторете го.

**Стевчо Јакимовски:** Зошто законот е само две години, се договоривме да преоцениме успешноста на законот, ако е успешен законот ќе се пролонгира, затоа е и само две години. Тоа е првиот одговор.

Второ, дали сум убеден дека овој закон ќе ги реши проблемите, ниту другото решение не ги решава до крај проблемите на сите граѓани, ниту има закон кој што ќе ги реши сите проблеми на граѓаните.

Контра одговорот на ова прашање е следниов. Дали имаат интерес работодавачите што земаат инвалиди, лица со посебни потреби, значи тој закон дава резултати и такви лица се вработени. Овој закон е многу сличен на тој, со тоа што дава помалку бенефиции во однос на тој, меѓутоа овие работници се попродуктивни. Ако тој закон ни дал резултати, нема зошто и овој закон да не ни даде резултати. И, дали нема можност за злоупотреби. Редовните вработувања имаат можност за злоупотреби, со тоа што работодавачот го држи работникот одредено време, му дава отказ или ја носи фирмата во стечај, па остануваат придонесите неплатени. Ние сега како министерство имаме широка акција направено за наплата на придонесите и со измените во Законот за трговски друштва направивме да има капитална поврзаност односно да не може работодавач кој не платил придонеси или обврски кон државата, да отвори друга фирма, а да не му се пренесат тие долгови. Значи, едната обврска е ние него да го гониме тој да мора да ги врати овие средства, а второ казнените мерки што се и следно можеби со посебен правилник евентуално да воведеме тој да потпише лична меница со која што ќе гарантира дека овие лица, до колку ги избрка, парите ќе ги врати на државата. Значи, со правилник, со подзаконски акти можеме да доуредиме одредени прашања.

**Љупчо Јордановски:** Господине Анастасовски една минута, повелете.

**Иван Анастасовски:** Јас ви благодарам господине министер. Верувам дека со тоа што ќе го притиснам зеленото копче за овој закон, ќе почнат да се решаваат проблемите на оваа група на граѓани во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата продолжи со работа во 15,04 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Повелете госпоѓо Станковска имате збор?

**Славица Станковска:** Благодарам претседателе.

Јас знам дека она што ќе го кажам министерот го знае. Тој покажа дека уште многу работи знае само очигледно многу малку може да направи. Но, како и да е, ќе кажам, почитувани колеги, ова се однесува не само на колегите кои се во салата, туку и на колегите кои се надвор од салата и надвор од Собранието на Република Македонија.

Прво, во некои делови ќе се обидам да го прокоментирам изнуденото експозе на министерот за труд и социјална политика во кое тој делумно излагаше, делумно објаснуваше, исто така и одговараше на поставените прашања и дилеми.

Суштината на проблемот, како што констатира и самиот министер лежи во фактот што во Република Македонија многу тешко се доаѓа до работа, без разлика на стручната подготвеност, односно без разлика на возраста. Ова е непобитен факт и мислам дека сите во Република Македонија сме свесни за тоа, а покажува уште повеќе фактот, кој оди во прилог на оваа констатација дека армија на млади луѓе од Република Македонија својата иднина и егзистенција ја бараат во земјите во Европската

унија и надвор од неа. И после сето ова логично се поставува прашањето, дали ние решенијата ги бараме таму каде што ги нема, или таму каде што не можеме да ги најдеме.

Она што мене ми лежи, ќе направам една мала дигресија, досега ова право што го дава претседетелот многу малку сум го користела, но чувствувам за потребно, како пратеник со еден мандат во овој Парламент.

При моето влегување во Парламентот верував дека желба имаме сите, потребно е само да знаеме, да умееме и да можеме. Од ова искуство што го имам како парламентарец, јас дојдов до една сосема друга констатација. Според мене, ако не знаеме доволно, или ако не можеме, а сме на власт, или сме биле на власт, ние сме можеле да платиме луѓе кои тоа знаат да го направат место нас односно луѓе кои можат тоа да го направат. Во суштина на сето она што се случува кај нас, мислам дека треба да имаме волја и желба да направиме нешто повеќе за Република Македонија, иако декларативно сите се изјаснуваме и сите се залагаме за тоа. Затоа, како последица на ова што го кажав, мислам дека ние пропуштивме драгоцено време во овој четиригодишен мандат барем малку да направиме амбиент за што е можно поголем број на странски инвестиции и отворање на работни места со што луѓето, според своите квалификации, умеења и знаења ќе се најдат самите себе и во тој случај државата не би имала потреба да нуди решенија за вработување односно не би била потребна улогата што ја наметнува државата како посредник во изнаоѓање на работа на луѓето кои ја бараат таа работа.

Министерот, исто така потенцира дека ние го потценуваме искуството на стечајните работници и оние луѓе кои останале без работа, како последица на технолошки вишок. Јас мислам дека никој тука, ниту пак надвор се обидува тоа да го негира. Точно е дека овие граѓани имаат некое искуство, ако го земеме предвид работниот стаж односно минатиот труд кој го поминале на некое работно место. Но, ако тие безнадежно толку долго време бараат работа, факт е дека тоа искуство што го имаат на никој не му значи или не му е потребно.

Еднократната помош што ја спомна министерот, во насока на некоја позитивна дискриминација, јас сакам ама не можам навистина да ја разберам, ако не води сметка за катастарската состојба, не води сметка за целата материјална состојба во која се наоѓаат семејствата, ако не води сметка за тоа дали брачниот другар е вработен, туку на сите еднократно, затоа што министерот и Владата мисли за сите, еднократно на сите ќе им додели парична помош. Што е ова ако не предизборен маркетинг, или предизборен маневар за да се покаже дека навистина се води грижа. Мислам дека со таа еднократна помош никој ништо не може да реши, ниту пак ние на оние граѓани на кои сакаме да им помогнеме многу со таа еднократна помош, не можеме да им помогнеме.

Според изнесените показатели што ги слушнавме од министерот, инаку ова немав намера да го коментирам, но еве морам, чувствувам за потребно да го кажам, не се штедат пари, или огромни пари се одлеваат за така наречена социјална правда, ако се декларираме како држава која води сметка и за тој елемент. Јас мислам дека е добро добар дел од тие средства што се насочуваат за социјалата, се насочат таму каде ќе имаме поголеми ефекти затоа што ваквото насочување на средствата очигледно покажува дека се нудат еднократни решенија и не гледаме ефекти кои ќе бидат во правец на разрешување на проблемите. Сега нешто околу законот за стимулирање на вработувањето. Според предлагачот во законот за стимулирање на вработување. Акцент и приоритет им се дава на активните мерки на пазарот на трудот, меѓу кои се и мерки во правец на поттикнување и поддршка на вработувањето преку активни мерки, подобрување и унапредување на квалитетот на услугите на работодавачите и на вработените лица, во посредување при вработување и вработување, реалокација на средства од пасивните кон активните мерки и друго.

Ако предлагачот смета дека навистина овие мерки се во насока на разрешување на проблемот, или делумно, ако не целосно разрешување на проблемот со оваа категорија на граѓани, тогаш јас ќе се запрашам зошто сега или кон крајот на минатата година, а не на почетокот на овој мандат. Ако навистина очекуваме, а би сакала да очекуваме резултати од ова што денес го гледаме или го нудиме, зошто воопшто Владата сеуште разговара со стечајните работници. Мислам дека е чесно да им се каже, почитувани ние најдовме решение, ние понудивме решение, ние ќе ви го решиме проблемот, со тоа сме завршиле и нема потреба веќе да преговараме и повеќе, да речеме, да нудиме, вие или ние некои решенија што се однесува до проблемот со кој се соочуваат.

Имам уште една дилема, не барам одговор, мене таа дилема ми е јасна но сакам гласно да ја искажам.

Не ми е јасно зошто парламентарното мнозинство го поддржа законот за измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување кој закон не помина заради тоа што Претседателот под притисокот на Владата, не го потпиша. До вчера бев дел од тоа парламентарно мнозинство, а и да не сум била дел и не ова, и парламентарното мнозинство од минатиот мандат, верувам дека и парламентарното мнозинство од следниот мандат ќе носи и носи решенија, или одлучува само во случај кога ќе добие виза за одреден проблем, прашање или закон, од претставници од Владата, заради тоа што тоа парламентарно мнозинство ја поддржува својата влада и треба да ја поддржи својата влада. Нормално така функционира парламентарната демократија. Не ми е јасно што беше тоа, очигледно не е некој куршлус помеѓу или во функционирање на врските помеѓу

Владата и Парламентот, дали беше игра, но ако беше игра, тоа беше едночинка и таа воопшто ниту носи бенефит за стечајците, ниту пак за Владата, ниту пак за парламентарното мнозинство.

Нешто околу бројките.

Со многу бројки се манипулира, сега многу бројки слушнавме од министерот за труд и социјална политика. Добро е кога ќе се нуди некое законско решение, тие бројки како показатели и да се посочат во деловите кога се образложува Предлогот на законот заради тоа што само во тој случај ќе имаме права слика за состојбите, со која категорија и колкав број на граѓани ги тангираат проблемите односно законското решение нуди решенија за колкав број на граѓани. Многу често слушавме бројки и од медиумите, па апсурдот да биде поголем, често пати кога Владата има контакти со претставници на стечајните работници и технолошките вишоци, па дури и тие правеа свои списоци, Владата ги примаше или чекаше на нивни списоци што навистина мислам дека е несериозна. Затоа, еве потенцирам, макар што за овој мандат и нема време тоа да се прави затоа што, дали ќе имаме или ќе немаме воопшто некои нови седници, но добро е да имаме бројки како релевантни показатели за состојбите. Бројките можеби и ги има Министерството, но јас би сакала и ние да ги имаме за да можеме да ги коментираме, или да водиме полемика околу нив.

Во Законот, во член 1 се вели - со овој Закон се создаваат услови за поттикнување на ново вработување преку надоместување на средства на работодавачот, плаќање на придонесот за ПИОМ за ново вработени работници, под услов и начин утврдени со овој закон.

Повеќекратно беше спомнат Бранковиот закон и првиот и вториот закон. Јас знам дека имаше ефекти, но сведок сум и на многу злоупотреби, знам дека згаснуваа сите фирми и атхок се отвораа нови претпријатија со потполно исти луѓе за да се користи бенефитот што Владата го нудеше.

Кога го разгледував законот, не можев а да не се сетам на кампањата што ја водевме во 2002 година. Јас бев една од тие што викаа - во секое семејство ќе вработиме по еден. Знаете во рурални средини луѓето што ми викаа. Нема потреба вие да ни вработувате по еден. Па ние работиме сите, само сакаме она што го работиме да се ефектуира и да можеме достојно да живееме со нашиот труд. Јас мислам и состојбите што се прикажуваат, или кои се користат за политижки маркетинг, не говорам сега од позицијата, малку можеби има потреба од такво нешто, но секогаш од некоја опозициона партија, повикувајќи на огромен број на луѓе кои се невработени, во ваква состојба се или онаква состојба. Јас верувам дека тие состојби и не се баш такви, бројките на невработени кои ги кажуваме и не се баш такви. Но, наша вина е што не успеавме, или барем досега не сме успеале навистина да ги селекционираме и граѓаните да ги ставиме во некои категории на целни групи кои имаат, немаат, или го злоупотребуваат едниот или другиот закон, или бараат нешто што навистина, многу бараат, многу малку сакаат да дадат или да разберат тоа што државата го прави или треба да го прави за нив.

Овде се нуди вработување за период од 24 месеци. Се прашувам што после тие 24 месеци.

Ако станува збор за граѓани кои имаат најмалку 25 години пензиски стаж и кои се на возраст од 54 години, после две години постои можност, што не велам дека и секогаш така ќе биде, да се соочиме пак со истата категорија на граѓани кои сега ќе имаат пак некаде 27 години работен стаж, а за две години ќе се постари, категорија која исто така многу малку ќе биде пожелна односно за која многу малку ќе бидат заинтересирани работодавачите.

Во член 4, став 2 се вели дека на работодавачот за нововработени работници му се надоместуваат средствата уплатени за придонеси на плата за ПИОМ, во висина од  3000 денари месечно итн. Се прашувам тука што со здравственото осогурување.

Исто така, овде се потенцира и се вели - доколку работодавачот за тој период исплатил плата и уплатил придонеси, само во тој случај ќе бидат преведени средствата кои државата ги планира во правец на стимулирање на вработувањето.

Овде постои уште една можност што не би сакала да се користи. Ќе имаме срећно вработени граѓани кои ќе немаат ни придонеси, а може да останат и без плата. Сведоци сме секојдневно на такви слики. Една слика последните денови не можам да ја избришам од очи кога еден возрасен маж од Маврово, 8 месеци работел и си го бара она што си го заработил и скоро со плач кажува дека не може да однесе парче леб на своите деца. Верувам дека сите тоа не загрижува, ама некој или малку може или некој многу малку сака да направи.

Колку ќе биде, оваа мерка што се предлага, стимулативна за работодавците, не знам. Не станува збор за некој огромна сума на средства, но ако ја познаваме структурата на граѓаните кои се соочуваат со овие проблеми и на кои сакаме проблемите да им ги разрешиме, ние знаеме дека тоа се категорија на граѓани кои потекнуваат од индустрии во кои најмногу човекот како ресурс се амортизира. Најголем број имаме од текстилна индустрија и други индустриски гранки. Тоа значи дека навистина станува збор за луѓе кои работејќи во линиско производство тие се многу истрошени. Јас имам огромен број на ученици мои од текстилни паралелки, на времето, прва генерација сум предавала, верувајте тие изгледаат и постари од мене. Мислам дека тоа не е комплимент за мене, но тоа е показател колку, работата со која се соочуваат, е тешка и колкава цена даваат заработувајќи го сопственото парче леб.

Овде мислам дека имаме една печатна грешка и сакам тоа да го пренесам тука. Во членот 6 вели - ако работодавачот го откаже договорот за

вработување на вработените лица од член 3 на овој закон пред истекот на времето, од член 6.

Периодот или времето за кое работодавец користел надоместок, го регулира членот 5, а не членот 6.

Во членот 9 се дава можност на ваквите невработени лица да отпочнат дејност како трговец поединец, трговско друштво или да отпочне да врши друга стопанска или занаетчиска дејност.

Јас верувам, после толку години на транзиција и толку години на чекање на решавање на егзистенционалните прашања, самите поединци кои се соочуваат со проблемот на невработеност, доколку знаеле или имале можност, без разлика на тоа колку тешко се започнува некоја стопанска или занаетчиска дејност. Јас верувам дека тоа ќе го направеле и без ние да им кажуваме, или без ние да им даваме законска можност.

И на крај нешто околу член 13, околу надзорот и казнените мерки. Казнените мерки не сакам да ги коментирам, но околу надзорот каде вели - спроведување на овој закон го врши Државниот инспекторат за труд, Управа за јавни приходи и Агенција за вработување на Република Македонија.

Искрено кажано, познавајќи ги приликите во срединитe во кои се движам, ние имаме огромен број на млади луѓе кои се целосно експлоатираат, поаѓајќи од работното време, поаѓајќи од непријавување, неплатени придонесе за ПИОМ. Значи со години тие луѓе се наоѓаат на некои работни места. Заради тоа што се плашат за својата егзистенција не ги пријавуваат работодавците затоа што утре ќе останат без вработување. Но, мислам дека е добро, не ние да кажуваме, туку тие трудови инспектори професионално да си ја вршат сопствената работа и малку повеќе да поведат грижа и за оваа категорија на граѓани затоа што првично на нив им е потребна заштита, а на овие кога ќе се вработат, согласно законските одредби тие и така би требало да имаат некоја заштита од трудовите инспектори. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Реплика има министерот за труд и социјална политика.

**Стевчо Јакимовски:** Госпоѓата погрешно го интерпретира Правилникот за еднократна помош. Таму не се дава на секој стечаен работник, туку само на оној кој има месечни примања во семејството, пониски од 6300 денари. Значи не е линеарно за сите.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓа Станковска една минута.

**Славица Станковска:** Благодарам претседателе, благодарам министре.

Јас не знам дали јас или вие не разбравте, заради тоа што јас само сумата не ја кажав. Инаку тоа во целост се цитира. Вие рековте, не водиме сметка дали има возила, дали има ова, дали има она, дали сопругата му работи. Ние не водиме сметка за ништо, што сметам дека колку е да е позитивна дискриминација не е во ред. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, повелете имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам почитуван претседателе.

Ќе се обидам да бидам што пократок и како поединец, но ќе го искажам и ставот на пратеничката група на ВМРО-Народна партија.

Почитувани колеги, почитуван министре,

Далечната 2002 година ја започнавме со Бранко, односно со бранковиот закон. Сега, во 2006 година, на крајот од мандатот на оваа власт, повторно ссо Бранко, односно бранковиот закон. Да бидам искрен не знам кој е по ред. Дали е еден, дали е два или е три. Но независно и почетокот и крајот се идентични.

Ако некому не му е јасно што е правна држава, ќе се потрудам да објаснам. Правна држава во Република Македонија е тоа кога имаме проблем со одредена категорија на граѓани, работници, стечајни, технолошки, да го користиме бранковниот закон секогаш како аргумент.

Се надевам, почитувани колеги, почитуван министре, дека овој закон конечно ќе биде потпишан од лицето Бранко Црвенковски. Неговиот указ, се надевам нема да ви биде вратен повторно како нашиот Закон.

Веднаш на почетокот ќе кажам дека ние како пратеничка група нема да го подржиме овој закон, ќе гласаме против. За тоа има неколку причини.

Прва причина е затоа што ние имаме поднесено закон кој што закон сметаме дека е многу подобар со многу подобри решенија отколку што овој закон нуди, затоа што нашиот закон нуди конкретно решение, решение со кое што се согласува огромна категорија на граѓани во Република Македонија . Тоа е првата категорија на стечајни работници, затоа што имаме поднесено два закони. Првиот е оној што господинот Бранко Црвенкобски не го потпиша и вториот оној за кој што расправата сеуште не е завршена, а тоа е за во случај на невработеност. Со тие два закони нудиме решенија, онакви какви што ги бараат и самите работници. Тврдиме дека се исправни и ако бидеме власт истите ќе ги донесеме.

Независно од сите аргументи што овде Владата ги ористеше, ММФ и Цветска банка и убедувања на Претседаелот на државата, не се точни тие аргументации, Не сакам сега да елаборирам, но она што сега го правиме како опозиција ќе го направиме и како власт.

Зошто, на крајот на краиштата тој закон е подобар, затоа што и самата категорија на стечајни работници, технолошки вишко дадоа подршка и се задоволни со то закон. Не дадоа поддршка, ниту пак бараа некое вакво решение, за што и ден денеска не се согласни. Едноставно, исчекувате што ќе се случи во понатамошните преговори со Владата, за да знаат како да

продолжат со своите протести, дали да ги радикализираат или не.

Индикативно е прашањето зошто на крајот на мандат се носи еден ваков закон? Нека биде искрен министерот и нека каже, да не беше поттикнат и тој и Владата од протестите, од стечајните работници, сигурно на крај памет немало да му текне да поднесе ваков закон, особено на крајот на мандатот. Затоа што со оваков закон сам себе си се негира. Цело време како Министерство за труд и социјална политика, према оние закони што овде ги добивавме, се убедувавме, не убедуваше дека Владата има тензија и со одредени активни мерки, со либерализација на пазарот на трудот, преку Законот за работни односи каде што на работодавачите им се олеснува можноста и за вработување, но и за отпуштање од работа итн, итн, каде што особено кај Законот за работни односи, каде што оние пречки со преголеми права на работниците ги укинавме за да работодавачите имаат стимул да вработуваат, да не бидат секој втор ден на суд изложувани итн, со овој закон се дерогира самото Министерство, затоа што кога веќе ограничувате или стимулирате одреден работодавач да земе некого на работа поради тоа што нема да плати придонес за пензиско и инвалидско осигурување во одреден период од 24 месеци, да бидам искрен ниту во бранковиот закон 1 ни во бранковиот закон 2, ниту пак во овој 3, е некаков стимол за работодавачите, што го потврди и времето и праксата.

Знам сега дека министерот ќе излезе со податоци, пет се вработиле со 63 години, двајца со 64 години, ниту еден  со 65 години, затоа што нема такви услови, мора да оди во пензија итн, итн, но тоа се бројки. Фактичката состојба е сосема друга. Ако била таква состојбата , можеби бројките се бројки, но не ја одразуваат реалната состојба на терен, затоа што ако било така добро, сигурно дека немало да има протести. Сигурно, онолку народ немало да се собира пред Собрание и сигурно дека нема да ги бараат тие права што сметаат дека му се потребни. Дајте, сите овде отворено да се прашаме зошто таа категорија на стечајни работници, во најголем дел и онаа категорија на технолошки вишоци, зошто луѓето мораат да излезат на протести, да бараат она што ние како пратеничка група го направивме, односно поднесовме Предлог на закон таков каков што бараа. Сигурно луѓето не измислуваат дека се соочуваат со проблеми, сигурно дека не патат од задоволство да стојат на улица пред Собранието и да не молат да донесеме некаков заон. Фактичката состојба е таа. Луѓето се наоѓаат во објективна и субјективна проблематика од страна ан работодавачите.

Не постои желба, не постои волја, независно од оние бројки што ги кажува министерот што во однос на работоспособно население и бројот на невработените, таа бројка е минорна, значи не постои реално расположение да еден работодавач земе ваква категорија на работа. Секоја чест работното искуство, секоја чест се, меѓутоа денеска работодавецот, во вакви услови во кои Македонија денеска опстојува бара работник што може да го експлоатира до немајкаде и бара млади работници што може да ги вози како што сака, ниту да ги пријавува, ниту да ги осигурува.

Главниот проблем почитуван министре не е стимулансот во пензиското и инвалидското осигурување. Апсолутно не е, затоа што 90% од работната сила во Македонија, особено во текстилната индустрија работи на црно, работи на диво и на ниту еден работодавач не му паѓа на крај памет да плаќа придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, ниту за здравствено осигурување. Тоа, сигурно го знаете и подобро од мене, но сигурно дека така објективно нема да го признаете овде, пред очите на целата јавност. Но, верувајте нема град во Република Македонија, слезете меѓу тие работници ќе видите дека тоа е така.

Прво, не се почитува работното време. Тие кои одат на работа работат максимално, од утро до вечер, кога ќе му кажат, затоа што наредниот ден може да биде избркан од работа.

Второ, услови кога оди на работа,  му се кажува или ќе работиш или ќе бидеш избркан, така што ниту договор за работа постои, ниту е регулиран статусот на работен однос итн, па да нема плаќање на придонеси. Јас ви тврдам, а праксата тоа го покажува, затоа што ова не е прв обид, овој закон се разликува од претходните бранкови само по категоријата на старосната граница, 25 години стаж и 54 возраст,  методите се слични, стимулансите се слични. Ниту тогаш ниту сега даде кој знае какви резултати.

Точно е, постојат бројки, толку луѓе, толку илјади, да, се вработиле по тој основ. Но, тоа не го реши проблемот. Главниот проблем беше и сега е  да се намали невработеноста, главниот проблем и сега и тогаш останува како да се реши проблемот со оваа категорија на стечајни работници, која не е мала.

Дека не е мала видовте кога се усвои Законот овде, кога лицето БЦ не го потпиша и кога тогаш ги преброивте излегле 15 па 17.000 итн. Значи, тоа не е мала бројка на категорија на граѓани кои се соочуваат со секојдневен проблем.

Значи, апсолутно не би навлегувал во она што е регулирано со овој закон, во ниту еден член. Основниот приод на оваа Влада е да се симне проблемот , да се залаже оној кој е  засегнат, а тоа се стечајните работници и оние работници кои останале без работа по основ на технолошки вишок, да се смири бурата. Поточно, со одреден медикамент да ја намалиме температурата, но не да ја лечиме болеста, затоа што идат избори. Да издржиме до 5 јули да не ни се "случи народ", да не ни се случи предвреме да заминеме од овде и заради тоа се измисли нешто што лицето БЦ го вети а сега Министерството за труд и социјална политика мора да го спроведе, за да се амртизира целата состојба, па потоа нека мисли кој знае кој нареден.

Така не се работи. Заради тоа, овој проблем а кој беше сериозен проблем, и ако Владата сериозно сакаше да го реши и ако сеуште тврди дека на овој начин ќе го реши, тоа можеше да го направи уште во времето кога го носеше првиот бранков закон, ако беше така успешно. Но и самиот министер знае дека ова не е така успешен метод и затоа се користи на крајот на мандатот, само да ги замачка очите на оние кои протестираат секојдневно, за да ги амортизира проблемите.

Искренио не можам да го обвинам министерот, не е тој виновен за оваа работа, наметната му е , тој ме ресорот и мора да најде некое решение. Овде најмногу лично е одговорен пред се Претседателот на државата затоа им го скрати она што го добија стечајните работници на начин што не го потпиша Указот и покрај тоа што огромен број на пратеници, да не речам сите , го изгласаа тој Закон. И сега нормално дека министерот за труд и социјална политика ќе мора да измислува нешто што никаде во светот не е познатоа што е далеку од пазарни вредности, така што ни понуди еден таков закон.

Од сите причини, не верувајки дека ова е комплексно решение, не верубајки дека со вакво решение ќе ја постигнеме крајната цел , ние, јас лично и нашата пратеничкагрупа овој закон нема да го подржиме. Ние ќе стоиме на нашето решение и ќе лобираме нашиот закон да биде прифатен. Благодарам

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Стаменков ми должите да бидете краток.Должите да бидете краток во вашата расправа затоа што Вие сега се појавивте а јас седам овде од сабајле.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Законот за поттикнување на вработувањето што го предлага Владата преку Министерството за труд и социјална политика е закон што треба да делува да се намали невработеноста, да се подобри вработувањето во Република Македонија и целите што треба да се постигнат.

Со законот, односно зошто во содржината на законот е ставена само една категорија на луѓе, јас мислам дека е причина протестите токму од таа категорија на луѓе кои излегоа на протести и Законот кој го донесовме во Собранието за помош на луѓето кои протестираа како стечајни работници.

Мислам дека оваа алтернатива која Владата ја нуди на овие луѓе дека ќе има некое влијание ако се донесе овој закон, некој од тие луѓе можеби ќе бидат вработени, јас се разликувам во однос на Владата во целина, јас од друга насока ги гледам работите и сметам дека вакви закони за поттикнување на вработувањето се погрешна работа. Погрешно е уште од првиот Закон кој беше донесен, па вториот Закон, па еве и трет закон. На Македонија не и требаат закони за поттикнување на вработувањето. На Македонија и треба стратегија за поттикнување на вработувањето. Стратегија која, прво ќе направи ред во даночниот систем на Република Македонија , во даночната политика да ја приближи ако не целосно да ја поклопи, барем да ја приближи со даночната политика на нормалните држави. Имаме единствена даночна политика во цел свет. Никој нема ваква даночна политика, еве ако го земеме персоналниот данок, она што е во Република Македонија како персонален данок кој сега го имаме е политика која ги црпи парите од најсиромашните слоеви во државата. Додека другите нормални држави живеат од богатите, тие се тие кои треба да платат на државата, тие се тие кои го полнат буџетот, тие се тие кои ги обезбедуваат парите за социјалата, тие се тие кои треба да дадат пари за овие луѓе кои се сега невработени, кои излегле од работа и кои бараат 4.000, 3.000 денари додека да ги исполнат условите за вработување, кои протестираат. Е, ако ние ова го направиме така, ако воведеме данок на парите над 10.000 евра . . . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Стаменков три минути поминаа од ветеното време кога јас прекинувам околу употреба на дигресија.

Ве момлам, јас немам потреба да слушам било која изборна програма. Зборувате за даноци, а имаме сосема поинаков закон, а зборуваме по текстот на законот.

**Ванчо Стаменков:** Пари нема затоа се донесува законот. Нема пари да им се дадат на луѓето што не се вработени и кои не можат да бидат корисници на социјалната помош, а треба да живеат од нешто. Едноставно треба да имаат некакви примања за да се прехранат. Тие луѓе бараат пари од Владата за да се прехранат.

**Љупчо Јордановски:** Зборувајте за законот.

**Ванчо Стаменков:** Овој закон го регулира нивниот проблем.

**Љупчо Јордановски:** Ова ви го сметам за втора дигресија. Повелете продолжете.

**Ванчо Стаменков:** Нивниот проблем го регулира, јас сум во право дека е тоа така. Ние не можеме да имаме закон ако го немавме проблемот на тие луѓе. Тоа е последица на проблемот на луѓето кои немаат никакви приходи.

Ќе ја завршам само таа реченица и ќе завршам околу делот на тие даноци, персонални итн.

Не може некој да чува милион евра на штедна книшка или готовина и да добива камата, а да не ги инвестира средствата да не бидат оданочени тие пари. Тоа само во Република Македонија може да биде така. Ако тој рез го направиме ќе имаме пари и за социјала и за инвестиции и за нови вработувања.

Јас знам само едно дека нови вработувања може да има само со нови инвестиции. Не може да има со 3.000 денари кои ќе се дадат, како што е во законот, на работодавците за 60 дена како ќе биде вработено лицето и тие пари да привлечат некој работодавец за да вработи луѓе. Имаме понуда имаме побарувачка на работна рака. Ако ние како држава ја зголемиме побарувачката,

едноставно тука можеме да влијаеме, преку стратегијата која ќе ја изградиме во една сеопфатна материја дали е тоа макроекономска политика, фискална политика, бизнис клима и ред други работи кои треба да ги направиме, гарантирање на приватна сопственост, ако покренеме цел систем и го направиме како што треба, едноставно да го препишеме, не мора да го измислуваме. Ние се измислуваме нешто, мислиме дека ќе направиме нешто подобро, да го препишеме од успешните и да го спроведеме на дело во Република Македонија ние ќе имаме побарувачка за работна рака во Република Македонија.

Да имаме побарувачка, натаму е лесна работата. Сега немаме побарувачка, едноставно не можеме со тие 3000 денари да му кажеме вработи го тоа лице, еве нема да плаќаш 3000, а тој нема потреба од работник, едноставно. Мислам дека не се разбираме или се разбираме, а еве и министерот го мисли истото дека е така, ама е министер во оваа Влада, така му е кажано и така го прави. Можеби имаме исто мислење.

Друг е проблемот сивата економија што ја спомна колегата Караџоски, вработување на црно...

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, продолжете по текстот на законот.

**Ванчо Стаменков:** Тоа е проблем кој се решава за 6 месеци со здрава рака и со добра волја и храброст. За 6 месеци се решава, нема ниту еден во Република Македонија да има вработен на црно. Верувајте дека е така, но треба да се има цврста рака и волја да се направи тоа. И, неселективна примена на правото како што имаме сега селективна примена за некои важат законите, за други не важат.

Значи, со законот мислам дека прво ќе се наруши правниот систем во Република Македонија, мислам дека законот не е уставен, бидејќи преферира една група на граѓани.

Второ, мислам дека нема да има резултати, многу брзо се покажа дека многу малку од тие луѓе ќе бидат вработени заради тие 3000 денари кои ќе ги добиваат работодавците и на крај мислам дека е ова мерка за да во овој момент пред изборите тие луѓе колку толку да се одоброволат дека еве нешто правиме за да им помогнеме.

Затоа, Земјоделската народна партија нема да го поддржи овој закон, и јас исто како пратеник, ќе гласаме против законот.

Ќе поддржиме секаква политика на оваа Влада и на следна друга влада која што ќе биде разумна и ќе биде во согласност со светските норми кои владеат во делот на даночната политика, во делот на онаа севкупна стратегија за развој на економијата во државата или кои се потпираат на разумни закони и нормални закони кои се веќе спроведени во пракса и веќе функционираат. Зошто и ние не го направиме истото? Кои се кочниците, кои луѓе кочат да го направиме тоа, да го спроведеме како што е. Било каде, како што е во Бугарија, ајде да ги намалиме придонесите на 40%, ајде да ги намалиме да видиме колку ќе има вработувања. 100 000 ќе имаме вработувања за 6 месеци, јас ви го гарантирам тоа. Значи, ние имаме најскапа работна рака во светот. Ако гледате колку проценти се зафаќаат од бруто платата по работник во оваа држава, ќе видите дека никаде го нема тоа во светот. 80% треба да платите на државата за да дадете плата на работниците. Не ја гледајте висината на платата, тоа е релативна категорија. Колку ќе го платите работникот, толку ќе работи. Ако му дадете поголема нето плата, повеќе ќе работи. Едноставно, ние ги бркаме инвестициите со оваа политика. Никој не сака да вложи во Република Македонија поради погрешна стратегија, треба да се направи рез во даночната политика, на макроекономска политика еве и политиката на јавната потрошувачка. Ние имаме нешто што е едноставно уникат, уникатни сме, а уникатите пропаѓаат. Никој не може да ги занемари нормалните економски процеси и нормалните економски политики.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стаменков, ви истекува и третата дигресија.

**Ванчо Стаменков:** Благодарам претседателе, тука ќе завршам, мислам дека мојата дискусија ќе помогне на некоја влада да не продолжи по истиот пат од овие 15 години, целосно да го смени патот оти единствено така може да биде успешна влада. Вака не може да биде успешна влада со ваков начин на додворување на богатите во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата да пристапиме кон гласање.

(Течат минути на чекање)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(Течат минути на чекање)

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

(Нема доволен број пратеници)

Благодарам, продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 16,00 часот)